| | | |
|---|---|---|
| Универзитет "Св. Кирил и Методиј" ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ | **РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**<br>**УНИВЕРЗИТЕТ "Св. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"- СКОПЈЕ**<br>**ЕКОНОМСКИ ИНСТИТУТ - СКОПЈЕ** | |

ЦЕНТАР ЗА РАЗВОЈ
на Вардарски плански регион

# *СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ*

**Скопје, Октомври 2014 година**

**СОДРЖИНА**

МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП ........ 4
Принципи на процесот на стратешко планирање ........ 5
Основни активности на процесот на изработка на Стратегијата ........ 6
Учесници во процесот ........ 8
1.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ........ 9
1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ ........ 9
1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ........ 12
1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА ........ 12
1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО) ........ 14
1.3 СОЦИЈАЛНА И КУЛТУРНА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 19
1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ........ 21
2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА ........ 24
3.КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ........ 25
4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП ........ 27
4.1.1 Наоди од теренското истражување – бизнис сектор ........ 31
4.1.2. Наоди од теренско истражување – население ........ 33
4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ) ........ 36
4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО ........ 37
4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР ........ 37
4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ........ 38
5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ........ 39
5.1 ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ ........ 41
6.МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ........ 44
6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС) ........ 47

6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА ........ 47
7. SWOT анализа на развој на локалната економија, туризмот и претприемништвото на Општина Кавадарци ........ 48
8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ........ 52
8.1 ВИЗИЈА ........ 52
8.2 МИСИЈА ........ 52
8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ........ 52
9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ ........ 53
10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА ........ 55
11. АКЦИСКИ ПЛАН ........ 56

## МЕТОДОЛОШКИ ПРИСТАП

Методологијата со која се изработува Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги следи: Генералната Методологија на изработка на Стратегија за локален економски развој за седум општини од Вардарскиот плански регион (Велес, Градско, Лозово, Кавадарци, Росоман, Неготино, Демир Капија), *Предлог Насоките за стратешко планирање во единиците на локалната самоуправа* подготвени од Владата на Република Македонија, Генералниот Секретаријат на Владата на РМ и Министерството за локална самоуправа на РМ, и истата е усогласена со сите тековни и релевантни европски, национални и локални стратешки документи. Дополнително, Методологијата за изработка на Стратегијата за локален економски развој за Општина Кавадарци ги инкорпорира карактеристиките, расположливите ресурси, потенцијалите, компаративните предности, можностите, преференциите и очекувањата на локалната заедница во областа на локалниот економски развој на Општина Кавадарци.

Стратешкото планирање за локалниот економски развој на Општина Кавадарци претставува темелна алатка за планирање на развојот на општина Кавадарци, која се состои од следните компоненти: состојбите и ресурсите со кои располага општината, насоките, идеите и плановите за идниот економски развој, како и трасирање на патот за остварување на планираниот реален и остварлив локален економски развој.

Стратегијата за локален економски развој на Општина Кавадарци е комплексна и се однесува на одржливиот развој и функционирањето на општината и ги опфаќа сите битни прашања на локалната заедница, вклучувајќи и прашања од меѓусекторско значење (како на пример економски развој, социјална инклузија, заштита на животната средина итн.).

Стратегијата за локален економски развој ќе овозможи создавање на стопански амбиент кој ќе се базира на искористување и мобилизација на постојните ресурси во општина Кавадарци, чија круцијална компонента е креирање визија и приоритетни насоки во функција на интегралниот локален економски развој.

Според првичните истражувања, спроведени во функција на подготовката на Методологијата за изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци, покрај погоре наведеното, се посвети посебно внимание на следните области:

- Развојот на земјоделството (грозје, овошје, житни култури и зеленчук)
- Развојот на винарски капацитети, прехранбената индустрија, преработувачката индустрија, лесната незагадувачка индустрија
- Винскиот и алтернативниот туризам
- Развојот на малите и средните претпријатија
- Производство на месо и риба

- Производството на мед

**Причини за избор на наведените области**

Без намера да се прејудицираат областите на идниот локален економски развој на територијата на Општина Кавадарци, а во функција на објаснување на претходно наведените можни области, по извршено прелиминарно експертско скенирање, утврдено е следното:

Отсекогаш Кавадарци има епитетот на град на грозјето и виното. Вековната традиција на производство на грозје, вино и ракија, ги прави овие производи бренд по кои градот е препознатлив ширум светот. Изградбата на вински куќи е дополнување на успешната приказна за Кавадарци, која оди во насока на промовирање на винскиот туризам.

Покрај тоа, Кавадарци е препознатлив индустриски град, во кој во последните неколку години се отвораат индустриски зони, а Општина Кавадарци се промовира како атрактивна локација за привлекување на домашни и странски инвеститори. Кавадарци е препознатлив и по квалитетното производство на овошје и зеленчук. Аграрот обезбедува голем потенцијал за локален економски развој, особено со обезбедената перманентна поддршка од Владата на Република Македонија.

Одличната географска местоположба, сообраќајните комуникации, близината на аеродромот расположливата квалитетна работна сила, се потенцијалите кои ќе овозможат повторен развој на индустријата, пред се во областа на винарството, прехранбената, преработувачката и лесната незагадувачка индустрија.

Производство на квалитетно вино и лозарството во целина се области на кои перманентно се посветува значајно внимание и кои нудат одлични можности за понатамошен развој.

Во контекст на развојот на туризмот, значајни се можностите кои ги нуди Тиквешкото Езеро, како и планинските масиви во поширокиот регион на Кавадарци, здравата органска и традиционална храна, големиот број цркви, манастири, богатата историја и природните реткости.

Секоја година во Кавадарци се одржуваат повеќе познати манифестации кои привлекуваат голем број туристи. Св. Трифун, се одржува на денот на светителот -14 февруари, кога официјално се закројуваат лозјата, а покрај тоа винариите ги презентираат своите вина и прикажуваат начинот на подготовка на виното. Кавадаречкиот Гроздобер пак се организира секоја година за време на најголемите гроздоберски денови.

Општина Кавадарци располага со доволни ресурси, знаење и квалитетна работна сила за реализирање на насоките кои би се добиле од Стратегијата за локален економски развој.

## Принципи на процесот на стратешко планирање

Процесот на изработка на Стратегијата за Локален економски развој на Општина Кавадарци, со Акциски план, за периодот 2015-2020 година се заснова на следниве четири основни принципи:

- **Предлог на вредности.** Стратегијата и Акцискиот план треба да понудат предлог-мерки и активности кои ќе создаваат нова вредност, препознатлива од чинителите и објективно мерлива. Овие вредности треба да одат во насока на правење крупен, позитивен исчекор во развојот на Општина Кавадарци.
- **Идентификација на клучните надлежности и способности.** Предлогот на вредности треба да е силно поддржан од соодветни способности и вештини на носителите и корисниците на конкретните мерки и активности вградени во Стратегијата и Акцискиот план.
- **Посветеност на менаџментот на сите партнери-учесници во изработката и реализацијата на Стратегијата и Акцискиот план.** Идентификацијата на предлог-вредностите, поединечните надлежности и способности на секој од партнерите се основа на процесот на подготовка и реализација на Стратегијата и Акцискиот план, со зацртани цели и идентификувани главни мерки и активности како истите да се реализираат. Но сето тоа не е возможно без огромна посветеност на лидерите и менаџментот на сите партнери-учесници во процесот.
- **Мерење на степенот на остварување на Стратегијата и Акцискиот план.** Значаен дел од Стратегијата и Акцискиот план ќе биде мерењето на напредокот во нивната реализација во однос на предвидената динамика. Ова е значајно, како заради добивањето на повратна информација на одговорните за реализација на самата стратегија во поглед на задржување на однапред планираните активности и нивната динамика, така и во поглед на тоа колку се достижни зацртаните цели и какви евентуални прилагодувања и измени на Стратегијата и Акцискиот план е потребно да се направат.
- **Примена на родовиот концепт.** При креирањето на Стратегијата, особено во делот кој се однесува на насоките и препораките за идниот економски развој, применет е родовиот концепт на креирање на локални политики. Со тоа, при трасирањето на идниот економски развој подеднакво се претирани жените и мажите.

Дополнително, процесот на изработка на Стратегијата и Акцискиот план ги зеде предвид и се темелеше на:

- Партнерска вклученост на сите чинители во постапката на изработка на Стратегијата и Акцискиот план;
- Јасно дефинирани и релевантни цели;
- Одржливост на предвидените цели, мерки и активности;
- Остварливост на целите;
- Временско ограничување на мерките и активностите;
- Транспарентност на постапката.

**Основни активности на процесот на изработка на Стратегијата**

Процесот на изработка на Стратегијата и Акцискиот план се реализираше преку следниве структурирани активности:

- одржување координативен состанок со претставниците на Центарот за развој на вардарскиот плански регион, градоначалниците од општините за кои се изработуваат стратегиите и лицата вработени во одделенијата за локален економски развој
- прецизно определување на целните групи со соработка со одделните општини
- изработка на анкетни прашалници за одделните целни групи
- одржување работни состаноци во Општина Кавадарци. Иницијалните состаноци се планирани со Градоначалникот и вработените задолжени за ЛЕР, финансии, урбанизам, земјоделство и животна средина, со цел остварување партиципативен пристап при креирање стратешки документи и општински политики, одредување контакт лице задолжено за комуникација, обезбедување на потребните влезни информации, заедничко организирање работни средби со целните групи со економскиот оператор при изработката на стратегијата,ж
- спроведување теренско истражување со примена на: анкети, интервјуа
- изработка на SWOT анализа за Општина Кавадарци
- анализа на постојната планска документација
- стратешки планови за локален економски развој, акциски планови како и друга релевантна документација кои дадоа релевантна информативна база за досегашните планови во доменот на ЛЕР и идентификација на: целните групи на локалната заедница и пошироко, нивните очекувања, проблеми и визии за иднината
- одржување одделни работни средби со претставници на целните групи (граѓани, НВО сектор, бизнис сектор, стопански комори, земјоделци, туристички работници итн.) и добивање информации за нивните идеи и очекувања од идниот локален економски развој (примена на партиципативен пристап при креирање локални политики).
- утврдување и дефинирање на приоритетните стратешките области
- идентификување и дефинирање на Мисијата и Визијата на општината
- утврдување на стратешките приоритети по области и цели кои го дефинираат развојот на општината и се насочени кон остварувањето на визијата
- утврдување на предлог проектите (иницијативите) што треба да бидат реализирани поради остварување на предвидените резултати во дефинираните приоритетните области;
- обезбедување на цврста поврзаност на стратешкиот план и буџетот на единицата на локалната самоуправа, односно планираните расходи и приходи
- Дисеминација на добиените резултати од спроведените активности, односно на состојбите и перспективите на локалниот економски развој во Општина Кавадарци. Оваа активност вклучи една работилница, која беше одржана со претставници на локалните авторитети (Градоначалник и други одговорни лица од општината), претставници на локалната економија, потенцијални претприемачи, претставници на здруженија на граѓани и други релевантни учесници. Целта на оваа работилница беше идентификацијата на клучните цели и активности кои беа вградени во Стратегијата на Општина Кавадарци
- изработка на прва нацрт верзија на Стратегијата за ЛЕР

- работни состаноци со Градоначалникот, вработените задолжени за ЛЕР и финансии и целните групи опфатени при креирањето на Стратегијата, со цел презентирање на изработената Нацрт верзии на Стратегијата за ЛЕР пред надлежните авторитети и засегнатите страни
- граѓански здруженија, претприемачи и претставници на локалната економија, претставници на советите на општините, во функција на добивање мислења за првично изработените Нацрт верзија на Стратегијата, како и идеи за нивно подобрување. Оваа активност цели да го олесни и овозможи процесот на прифаќање и усвојување на Стратегијата од страна на сите надлежни страни
- анализирање на добиените идеи за подобрување на Нацрт Стратегијата, прифаќање на издржаните и применливи идеи
- изработка на финална Стратегија за локален економски развој
- Завршна работилница со претставници на сите седум општини и претставници на Вардарскиот Плански Регион
- Презентација на финалните стратегии пред Советот за развој на ВПР, градоначалниците и вработените во одделите за ЛЕР

## Учесници во процесот

Стратегијата за локален економски развој на Општина Кавадарци е изработена во партиципативен процес во кој беа опфатени поголем број учесници разни целни групи. Пред се, поддршка и потребните информации се добиени од Градоначалникот и локалната администрација на Општина Кавадарци. Голем број значајни информации за планирани и имплементирани проекти се добиени од вработените во одделението за Локален економски развој Вредни и значајни се информациите, ставовите и идеите за локалниот економски развој во општината добиени од граѓаните и бизнис секторот преку спроведената он-лине анкета, вработени во поголем број локални институции и претставниците од НВО секторот. Од голема вредност се податоците кои се добиени преку анкетен прашалник доставен до локалната администрација а кој се однесување на собирање на податоци информации за расположливите ресурси на Општината, меѓуопштинската соработка, туризмот и локалниот економски развој како и перцепциите за идниот стратешки пат на Општината.

Стратегијата за локален економски развој на Кавадарци е плод на партиципативен процес на сите заинтересирани групи: локалните авторитети, локалната администрација, граѓаните на општината Кавадарци, претставници на бизнис секторот и невладиниот сектор кој делува на територија на оваа Општина.

# 1.ПРОФИЛ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

## 1.1 ИСТОРИЈАТ, КУЛТУРЕН ПРОФИЛ И ГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ

- **Историјат**

Постојат голем број историски написи, артефакти и археолошки ископини кои говорат за постоење населби во поширокиот регион на Кавадарци уште во античко време и во средниот век, Како сведоци од средниот век се многуте прекрасни средновековни цркви и манастири во околината особено околу пештерите на бреговите на Тиквешкото Езеро.

Со доаѓањето на Турците и започнувањето на окупацијата од Отоманската империја во 14 век,се уништени сите постојни села, а населението бегало и се населило на нова локација, со што е означен зачетокот на новата населба Кавадарци.

Според најстарите писмени записи, Кавадарци првпат се споменува во 1519 година како населба која брои 28 семејства. Подоцна, населбата Кавадарци се споменува во турски документи од 1823 година. Во документот Кавадарци е спомнат како мала населба („касаба”) со околу 2.000 жители во крајниот источен дел на тогашниот Битолски вилает.

Кавадарци бил главен стопански, трговски и административен центар на Тиквешката каза, но и покрај тоа основна карактеристика на неговото стопанство било земјоделието. Лозарството и производството на грозје, вино и ракија со векови биле најпрепознатливиот белег на Кавадарци и Тиквешијата. Кон крајот на 19 век само во градот било регистрирано годишно производство на повеќе од 2 милиони оки грозје. Освен грозјето во Кавадарци и околината се произведувал многу квалитетен афион, сусам, памук, анасон, тутун, рж, јачмен, пченица, просо и др., а на пазарите во среда и петок се носеле голем број крупен и ситен добиток и живина. Во чаршиското маало биле распоредени сите трговски и занаетчиски дуќани кои ги имало повеќе од 200, а најмногубројни биле: казанџии, ортомари, столари, опинчари, шивачи, ковачи, клинчари, налбати, ахџилници, фурнаџии, бербери и др. Првата мануфактурна работилница ја отворил Евреинот Беџо, а имало и 8 шарлагалници и еден млин кој работел на водена пара.

Од поголемите преработувачки претпријатија во градот ќе го споменеме отворањето на Тутуновиот монопол во 1928 година, во кое работа нашле голем број граѓани.

По втората светска војна Кавадарци се развива во модерна општина која ја негува традицијата на производство на грозје, вино и ракија, а подоцна и како индустриски центар.

Денешната Општина Кавадарци претставува модерен урбан град со развиена индустрија и земјоделство, пред се производство на грозје, а потоа и производство на вино. Градот е познат на светската мапа по квалитетното вино и ракија, бројните винарии, гостопримливите жители. Покрај тоа, Кавадарци е познат и како производител на квалитетна амбалажирана вода за пиење. Од индустриските капацитети, Кавадарци е препознатлив по фабриката ФЕНИ, а во последните

години и по новоотворените индустриски капацитети, пред се германскиот Дрекслермаер кој апсорбира голем дел од работната сила од Кавадарци и од околните градови.

- **Сакрално и културно наследство**

Образованието во кавадаречко има длабоки корени и богата традиција. Првите ќелијни училишта се отвораат во просториите на Моклишкиот, Полошкиот и Бошавскиот манастир во текот на 18 и 19 век. Првото световно училиште во Тиквешијата е отворено во с.Ваташа во 1830 година, а во Кавадарци во 1838 година, во нив се учело до четврто одделение. Првата нижа трикласна гимназија е отворена во 1897 година, а во 1919 година прераснала во четирикласна. Со отворањето на гимназијата во градот се јавуваат театарска група, пеачка група, соколско друштво итн.

Во 1838 година во с.Ваташа по иницијатива на Даскал Камче, учител од Ваташа е отворена првата печатница во Македонија. Во истото село во 1869 година е отворено и првото читалиште во Тиквешијата. Од културните институции во триесеттите години во Тиквешијата започнува да работи подвижната библиотека, а во Кавадарци во 1935 година библиотека – читалиште.

- **Природно-географски карактеристики**



Општина Кавадарци е во јужниот дел на Република Македонија, во југозападниот дел на Повардариeто и претставува центар на Тиквешијата. Општината зафаќа површина 1.132 квадратни километри квадратни и лежи на надморска височина меѓу 230 и 270 метри.

Општината на југ граничи со Грција, на исток граничи со Општина Неготино, на запад граничи со Општина Прилеп и на север граничи со Општина Росоман.

Најблизок град до Кавадарци е градот Неготино, оддалечен само 10 км, додека Кавадарци е оддалечен 95 км од Скопје, околу 51 км од Прилеп. Градот Кавадарци е распослан на двата брега на реката Луда Мара.

Во општината има 40 населени места.

- **Земјишна структура**

Тиквешката котлина изобилува со црвеница, песокливо-чакалеста и глинеста почва, почви кои се идеални за одгледување лозови насади.

Продуктивноста на почвите зависи од повеќе фактори, од кои позначајни се: физичкиот и хемискиот состав, релјефот, степенот на ерозија, хидрографските услови, климата и др.

Релјефот на општина Кавадарци се одликува со високите и средните планини на јужниот и југозападниот дел од општината, кои кон север преминуваат во понизок и ридест простор, а како посебна релјефна целина се истакнува дното на Тиквешката котлина како ниско котлински, рамничарски дел.

- **Минерални и рудни богатства**

Во близина кавадаречката општина нема позначајни наоѓалишта на метални минерални суровини, додека состојбата со неметалните суровини е многу поповолна.

Карактеристично за Кавадарци е наоѓалиштето на Лорандит - талиумов арсенитен сулфат. Тој е откриен за прв пат во рудникот Алшар кај Кавадарци во 1894 и е именуван по Е. Лоранд, физичар од универзитетот во Будимпешта. За Лорандитот vo Македонија го испитувале и научници од НАСА. Станува збор за многу редок минерал за кој е утврдено дека во целиот свет го има единствено во Македонија или можеби уште на Шри Ланка. Неговата моќ експертите ја гледаат во тоа што единствено тој природен елемент во светот ги препознава реакциите кои доаѓаат директно од јадрото на сонцето.

- **Климатски карактеристики**

Општина Кавадарци се одликува со своевидна модификација на медитеранска клима, планинска и континентална. Просечната годишна температура изнесува 13,5 степени целзиусови. Највисоката температура во летниот период достигнува до 42 степени. Кавадарци го карактеризираат жешки лета и снежни зими.

- **Хидрографија**

Позначајни реки на територијата на општината се: Црна река, Бошавица, Дошница и Луда Мара која тече низ градот Кавадарци. Сите овие реки припаѓаат на сливното подрачје на реката Вардар. Во рамките на општината, постојат и две езера: Тиквешкото езеро - како најголема вештачка акумулација во Македонија и Моклишкото - мало езеро сместено во месноста Моклиште.

Тиквешкото Езеро е вештачко езеро е создадено врз коритото на Црна Река. Зафаќа површина од 1.400 ха со различна длабочина од 1 до 105м, должина 28.5км и со 475.000.000 метри кубни вода.

Се наоѓа на надморска височина од 165м, има конусна форма, а се протега во правец север-југ. Како главен извор на вода за полнење на Тиквешкото Езеро е Црна Река и Драгор.

- **Екосистеми (Флора и фауна)**

Во Општина Кавадарци постои богатство на флора и фауна. Карактеристична е Алшарска темјанушка (Виола аллцхариенсис), која е повеќегодишно тревесто растение и се среќава само во околината на рудникот Алшар, 40 км јужно од Кавадарци. Цветовите на ова растение се темновиолетови без мирис со големина од 2,2 до 3 см. Цвета во периодот од април до октомври, а може да се сретне и во западните делови на Македонија - Гостиварско, Мавровско. Исклучително убаво растение е Кајмакчаланскиот каранфил (Dianthus Kajmaktzaianicus). Тоа е многугодишно високо-планинско растение прилегнато кон почвата или малку исправено, така што образува многубројни гранчиња кои на врвот завршуваат со цветови. Се наоѓа на планинските врвовите на околу 2.500 м, а овој јужно-балкански ендемит е познат само за врвот Кајмакчалан на планината Ниџе. Во контекст на овие раритетни растенија ќе ги спомeнеме и Маријанино лале, Емова мајчина душичка, Македонска муза, Хорватиќев чистец и др.

Од фауната за споменување е дивечот на планинарските предели како и големиот број видови риба: крап, караш, толстолобик, црвеноперка, клен, скобал (бојник), белвица, линјак, мрена, перкија и костреж, сом.

## 1.2 ДЕМОГРАФСКА, ЕКОНОМСКА И СОЦИЈАЛНА СТРУКТУРА И КОМПАРАТИВНИТЕ ПРЕДНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

### 1.2.1 ДЕМОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ОПШТИНА

- **Број на население, домаќинства и станови**

Според статистичките податоци од пописот во 2002 година, по новата територијална поделба, Општина Кавадарци брои 38.741 жители.

Според пописот од 2002 година, во Општина Кавадарци има вкупно 12.026 домаќинства, вкупниот број на станови е 16.324. Статистичките податоци кажуваат дека во Кавадарци во 2002 година живееле вкупно 44.820 жители на возраст од 15 и повеќе години, од кои економски активни се 24.248, а неактивни 20.572 граѓани. Во општината има вкупно 16.688 невработени лица, од кои 12.053 се од град, а 4.635 од село (податоците се од Агенција за вработување на РМ, состојба на 31.05.2005 г.);

Структура на населението според националната припадност во Општина Кавадарци е следна:

37 499 (96,79%) се Македонци

679 (1,75%) Роми

218 (0,56%) Срби

167 (0,43%) Турци

171 (0,46%) останати

Општина Кавадарци зафаќа површина од 992,44 км² и има густина на населеност од 39,04 жители/км².

Во состав на општината влегуваат приградските населби Глишиќ и Ваташа и 38 села.

Структурата на населението во Општина Кавадарци според пол е:

- 50,72% се од машки пол (19.651);
- 49,28% се од женски пол (19.090);

Образовна структура на населението

Вкупно население (на возраст над 10 години) по пол и писменост:

- писмени 47 655, од кои 24 104 се мажи и 23 551 се жени;
- неписмени 1 399, од кои 406 се мажи и 993 се жени.

Структурата на население (на возраст над 15 години) според школска подготовка:

- се уште во процес на образование - 21
- без никакво образование - 847
- со непотполно основно образование – 4.394
- основно образование – 8.046
- со средно – 15.076
- со вишо – 1.277
- со високо – 1.998
- магистратура - 21
- докторат - 5

Согласно процените на населението на 31.12.2013 според полот и возраста, по општини и по статистички региони, се проценува дека вкупното население на Општина Кавадарци изнесува 38.935 лица, од кои 19.614 мажи и 19.321 жени.

- **Миграции**

Во општина Кавадарци констатиран е значаен пораст на миграцијата од село во град во периодот на индустријализација, кој продолжил и во текот на последните години од минатион век, како и во овој век. Во последните десетина години има процес на обратна миграција, особено на постара популација. Констатиран е и значаен пораст на миграција на работоспособно население од општината надвор од границите на Република Македонија. Внатрешните миграции во периодот од 2005 година до 2013 година во Општина Кавадарци се презентирани во табела бр.1

**Табела 1: Внатрешни миграции - отселени граѓани по пол и по возраст во Општина Кавадарци по години**

| Внатрешни миграции : Отселени граѓани по пол и по возраст, по општини, по години | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | | | | | | | | |
| | 2005 | 2006 | 2007 | 2008 | 2009 | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
| Кавадарци | 142 | 134 | 137 | 126 | 155 | 114 | 111 | 143 | 120 |

Извор: Државен завод за статистика

### 1.2.2 СТРУКТУРА НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА (ДЕЛОВНИ СУБЈЕКТИ И ЗЕМЈОДЕЛСКО ПРОИЗВОДСТВО)

- **Деловни субјекти**

Носител на досегашниот стопански развој во Општина Кавадарци е земјоделството, чија основа пред се сè:

- лозарството и
- винарството.

Меѓутоа не помало стопанско значење заземаат :

- металургијата и рударството,
- металната индустрија
- дрвната индустрија
- текстилната индустрија
- прехранбената индустрија
- градежната индустрија
- трговската и угостителската дејност итн.

Бројот на активните деловни субјекти во Општина Кавадарци варира во различни периоди. Состојбата со 31.12.2013 година е презентирана во табелата бр.2

Табела бр.2 Активни деловни субјекти по големина во Општина Кавадарци, состојба 31 декември 2013 година

| Вкупно | микро | мали | средни | големи |
|---|---|---|---|---|
| 1 666 | 1 137 | 504 | 20 | 9 |

Извор: Државен завод за статистика

**Табела 3: Активни деловни субјекти по сектори на дејност според НКД Рев.2, по општини, по години, состојба 31 декември 2013 година – Општина Кавадарци**

| Опис | Број на деловни субјекти по сектори |
|---|---|
| **Земјоделство, шумарство и рибарство** | **93** |
| **Рударство и вадење на камен** | **4** |
| **Преработувачка индустрија** | **212** |

| | |
|---|---|
| **Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација** | **3** |
| **Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад; санација на околината** | **6** |
| **Градежништво** | **51** |
| **Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли** | **624** |
| **Транспорт и складирање** | **254** |
| **Објекти за сместување и сервисни дејности со храна** | **92** |
| **Информации и комуникации** | **19** |
| **Финансиски дејности и дејности на осигурување** | **3** |
| **Дејности во врска со недвижен имот** | **4** |
| **Стручни, научни и технички дејности** | **107** |
| **Административни и помошни услужни дејности** | **13** |
| **Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување** | **3** |
| **Образование** | **18** |
| **Дејности на здравствена и социјална заштита** | **77** |
| **Уметност, забава и рекреација** | **20** |
| **Други услужни дејности** | **63** |
| **Дејности на домаќинствата како работодавачи** | **...** |
| **Дејности на екстратериторијални организации и тела** | **...** |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

- **Работна сила**

Најизразениот проблем во Кавадарци како и во целата Република е невработеноста, која во Кавадарци изнесува 15% од работоспособното население или изразено во бројки 2.917 лица од кои 1.602 мажи и 1.315 жени. Од вкупниот број на невработени околу 40% се со средно образование, 27% се нискоквалификувани и 24% се квалификувани, а 9% се високо квалификувани. Најголем дел од вработените односно една третина се вработени во производството по што следуваат Трговијата на мало и големо и земјоделието заедно со ловот и риболовот. Бројот на вработени по стопански дејности и според нивниот статус се дадени во табелата бр.5 подолу.

**Табела 4.** Активно население кое работи; индустрија и статус на вработеност во општина Кавадарци.

| **Кавадарци** | **Вкупно** | **Вработени** | **Работодавачи** | **Само-вработени** | **Член на фамилија кој допринесува во буџетот** |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Кавадарци*** | *8430* | *7662* | *318* | *438* | *12* |
| **Производство** | 2552 | 2425 | 76 | 50 | 1 |
| **Трговија на големо и на мало** | 1092 | 782 | 144 | 166 | |
| **Земјоделство, лов и шумарство** | 928 | 803 | 9 | 105 | 11 |
| **Образование** | 640 | 637 | 1 | 2 | |
| **Јавна администрација и одбрана** | 625 | 624 | 1 | | |
| **Здравство и социјален сектор** | 552 | 537 | 9 | 6 | |
| **Градежништво** | 520 | 503 | 12 | 5 | |
| **Транспорт, складишта и комуникации** | 423 | 354 | 33 | 36 | |
| **Електрична енергија и водоснабдување** | 393 | 393 | | | |
| **Останати општествени и социјални активности** | 179 | 159 | 3 | 17 | |
| **Хотели и ресторани** | 164 | 131 | 16 | 17 | |
| **Финансиски посредници** | 126 | 123 | | 3 | |
| **Недвижности, изнајмување** | 139 | 111 | 10 | 18 | |
| **Некласифицирани според индустријата** | 52 | 36 | 4 | 12 | |
| **Рударство и истражување на руда** | 33 | 32 | | 1 | |
| **Рибарство** | 9 | 9 | | | |
| **Вонтериторијални организации и тела** | 3 | 3 | | | |

Лицата кои бараат за прв пат работа и повторно вработување, според образованието се прикажани на слика 1. Може да се заклучи дека помладите генерации (20-40) со средно и основно

образование сочинуваат најголем дел од невработените. Невработените добиваат само здравствено осигурување почнувајќи од денот кога се регистрирани во Бирото за вработување.

- **Земјоделско производство**

Состојбата во земјоделството според податоците од 2007 година е презентирана во следните табели, кои се изработени врз основа на попис на земјоделството од 2007 година.

**Табела 6: Основни статистички податоци за земјоделството, сточарството и рибарството во индивидуалниот сектор, во Општина Кавадарци**

| Број на индивидуални земјоделски стопанства | Вкупно расположлива површина на земјиштето во ха | Користено земјоделско земјиште, ха | | | | Број на одвоени делови на користено земјиште |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Вкупно користено земјиште | Сопствено земјиште | Земено на користење од други | Дадено на користење од други | |
| 5796 | 6445.66 | 5455.18 | 4956.95 | 516.33 | 18.09 | 11263 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Табела 7: Вкупно расположливо земјоделско земјиште во Општина Кавадарци**

| Вкупно | Ораници, бавчи и куќни градини | Ливади | Пасишта | Овоштарници | Лозја | Расадници |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 5455.18 | 378.92 | 129.17 | 212.41 | 145.58 | 4587.94 | 1.16 |

Извор: Државен завод за статистика на РМ

**Лозарство и винарство**

Општина Кавадарци надалеку е прочуена како општина во која се одгледува квалитетно грозје и во која се произведува вино со висок квалитет. Во општината постојат одлични услови за развој на лозарството, за кое постои вековна традиција. Општината која зафаќа најголем дел од Тиквешкиот регион е препознатлива како специфично географско подрачје погодно за одгледување на лозови насади од кои се произведуваат високо квалитетни вина со географско потекло.

Заради функционално искористување на Земјоделското земјиште Општина Кавадарци изработи катастар на лозовите насади на оние површини кои се најадекватни за одредени сорти на грозје зависно од климатските услови кои ги бара одреден тип на винова лоза. Општина Кавадарци зема удел во развојот на земјоделството во Програмата ИПАРД 2013 -2020 година.

Најпогодни сорти на винова лоза за одгледување во Тиквешијата се:

- Вински сортни лозови насади (смедеревка, картошија итн.)

- Високо сортни вински лозови насади (шардоне, кабарне совињон, белан, Вранец, Мерлот итн.)

За одгледување на поквалитетни Асталски сорти потребно е да се воспостави одарски систем на одгледување, практикување на фолијарно одгледување како и воведување на ДНК анализа за застапување на високо сортни асталски лозови насади од автохтоните сорти кои се прифатени во Е.У и пошироко.

Перспективите во наводнувањето на овие лозови насади е инсталирање на системи на принципот капка по капка и во проширување на мрежата на каналите за наводнување на следниве локалитети: Белград, Овчка река, Дреново, Бегниште и Смилица.

Голем дел од земјоделските површини се под систем за наводнување со цевководи од Акумулација „Тиквеш“ или се врши наводнување од отворени канали.

Локалната самоуправа би може да даде свој удел во развојот на земјоделството преку:

- обезбедувањето на основната инфраструктурата- пристап до поседите како и овозможување на пазари на големо и мало;
- афирмација на институциите во функција на земјоделците формирање на институции за лозарство и афирмација на советодавни земјоделски агенции во областа на лозарството и овоштарството;
- развој на лозарството преку афирмација на НУС производи како што се суво грозје, слатко и др.
- организирање на саеми и посета на истите како во Републиката така и надвор од неа, создавање на амбиент за поволни услови за откуп на грозјето, обезбедување на услови за сигурност во откупот на грозјето.

Во Општината постојат неколку винарии од кои најголема и најстара е Винарија "Тиквеш" која располага со капацитет за прием и преработка на винско грозје од 55 милиони килограми. Капацитетот на визбата изнесува 56.000.000 литри, две линии за полнење на вино и една за жестоки пијалаци.

**Индустрија**

Индустрија која ја позиционира општината на една од водечките места во државата по однос на квалитетот на производите и услугите кои се нудат, презентирано преку:

- ИГМ Траде
- ФЕНИ
- Дрекслермајер
- Кожувчанка
- Alliance One
- Вардарградба

- Фиорд
- Универзалпромет
- МИК
- Мепос Оператива итн
- Ми Комерц
- Јан Бор итн

**Шумарство**

Шумското стопанство “Бор” е претпријатие што стопанисува со шумите на територијата на општина Кавадарци.

Годишно планирано производство изнесува 53.000 м3 од кое 24.800 м3 техничко дрво, а останатото е огревно дрво и отпадок.

Претпријатието располага со два шумски расадника во кои се произведуваат садници за сопствени и надворешни потреби.

**Туризам**

Општина Кавадарци има потенцијал за развој на селективни форми на туризам, кои базираат на компаративните предности на регионот а тоа се: виното и винскиот туризам, Тиквешко Езеро, Моклишко Езеро, планината Кожуф. Се интензивираат активностите за развој на винскиот туризам и промоција на градот преку грозјето и виното како главни адути, како и за селски туризам, планински туризам, зимски туризам; ловен туризам, езерски туризам.

Повеќе културно - историски споменици уште од античкиот период па се до блиското минато се исто така потенцијал за развој на културен и сакрален туризам. Меѓу нив се: Римската бања во с. Мрежичко, манастирот Св. Михаил Архангел, Св. Петар, како и црквата Св. Атанас. Природните убавини и атракции се неизбежни предизвици за секој посетител.

## 1.3 СОЦИЈАЛНА И КУЛТУРНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Образовни установи и градинки**

Образовниот процес во Општина Кавадарци се спроведува преку: шест основни училишта, три средни училишта. Децата од предучилишна возраст се згрижени во детската градинка.

Учениците го продолжуваат средното образование во Кавадарци и во поблиските градови, а високото образование во Кавадарци или во некој од универзитетските центри или на дисперзираните студии во блиските градови.

- **Здравствени установи**

Здравствената заштита во Општина Кавадарци се обезбедува преку распространета мрежа на приватни здравствени установи од примарната практика, медицинскиот центар Кавадарци, Општата Болница Кавадарци, како и развиена мрежа на аптеки.

- **Културно-историски знаменитости и локалитети**

Кавадарци изобилува со богато историско минато и оттаму со многу културно-историски знаменитости (споменици на културата, историски места и локалитети сврзани со настани, култни места како (локации, води, карпи, дрвја и сл.):

***Споменици на културата:*** „Споменик на слободата и револуцијата“, „Споменик на загинатите патриоти“ и „Спомен плоча на загинатите патриоти“ во Тиквешкото востание во 1913 година, Спомен плоча „ТМОРО“,Споменик „Никола Бадев“, „Гоце Делчев“, „Тошо Велков - Пепето“, „Димката Ангелов – Габерот“, „Страшо Пинџур“, „Тоде Хаџи Тефов“, „Добри Даскалов“, „Ќиро Спанџов – Брко“, „Ѓорче Петров“, „Лазо Мицев – Рале“, „Рада Поцева“, „Мара Димова“

***Археолошки, историски и сакрални локалитети****:* „Стоби“, „Антигона“, „Белград“, „Чаковец“, „Тиквеш – Град“ (остров на Тиквешко езеро), „Пешков рид“, „Момина чука“, ,,Градиште” во близина на с.Глишиќ, ,,Танко Патче”, ,,Св. Атанас”, ,,Сува Чешма”, Руен”, „Моклишко Кале”, „12 –те Младинци“, „Спомен – Костурница“ од Втора Светска војна, „Маркова кула“ од 19 век, Св. Ѓорѓи – Полошки манастир, Св. Никола – Моклишки манастир.

***Етнографски и музејски поставки***

-етнографски (ентериери и екстериери, стопански активности, обичаи, носии, игри, песни)

Музеј - „Куќата на вкусовите и мирисот“;

Музеј на Град Кавадарци

Духовите на Џоломарите од село Бегниште, Ресава, Сопот

Фолклорен ансамбл „Тиквеш“

Меѓународен фестивал на камерна музика

***Специфични угостителски објекти***

Винарска визба „Тиквеш“

„Винска Куќа“ – Градски Парк

Винарија „Штефан“

Гостилница „Бриони“ – Градски Парк

Гостилница „Македонска Куќа“

## 1.4 КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА

- **Водоснабдување, канализација (одведување на фекални води), управување со отпад, пазари**
- **Водоснабдување**

Водоснабдувањето се извршува преку ЈП Комуналец Кавадарци.

Водата за пиење доаѓа од зафатите на изворите “Лукар I”, “Лукар II” и “Косматец” и зафатот за протечените води на Стара Река. ЈП Комуналец Кавадарци располага со филтерска станица и резервоари кои имаат намена да ја израмнат на потрошувачката и да ги задоволат потребните количини на вода. Вкупната должина на градската разводна мрежа со селските доводи е 153.290 метри.

Квалитетот на водата за пиење секојдневно се контролира. Во функција на подобрување на квалитетот на водата за пиење, променет е поголем дел од водоводната инсталација со голем профил.

Водоснабдителниот систем “Лукар” е изграден за обезбедување на водоснабдувањето на населението на градовите Кавадарци и Неготино со неколку селски населби. Досега се изградени каптажи на изворите Лукар I, Лукар II, Косматец и зафат со Филтер станица на Стара Река (Бошавица).

Првата фаза од водоснабдителниот систем “Лукар” била изведбата на Лукар1 и Лукар2. Со приклучување на градот Неготино , на овој систем за водоснабдување е каптиран и внесен изворот Косматец. За Неготино е предвидено користење на максимум ¼ од издашноста на изворите. Во понатамошното работење се приклучени и фабриката Фени, селата Шивец, Возарци, Конопиште, Росоман, Рибарци, Манастирец и Трстеник. Поради новите приклучени потрошувачи, како и поради намалување на минималната издашност на каптираните извори(од 280 л/сек на 215 л/сек), пристапено и изградено е тиролски зафат на река Бошавица со кои филтерска постројка со капацитет од 200 л/сек.

Поради и понатамошното приклучување на нови потрошувачи и старите азбесни цевки во градската мрежа каде најмногу се јавува загуба на вода Кавадарци се соочува со недостиг на вода. Овој проблем е приоритетен за Локалната самоуправа и за јавното претпријатие ЈП”Комуналец”.Неизбежно е решавањето на проблемот со зафаќање на нови извори и доведување на квалитетна вода за домаќинствата.

На регионалниот довод е изградена Филтерска станица која врши хемиско - биолошко пречистување на водата т.е. хлорирање. Постројките се во лоша ситуација и е предвидено обновување на целата опрема во неа.

-Резервоари

За израмнување на потрошувачката и задоволување на потребната количина на вода во максималната потрошувачка изградени се два резервоари едниот е со капацитет 5000 м3 и другиот со 1400м3 кои ги задоволуваат сегашните потреби.

- **Канализација**

ЈП Комуналец – Кавадарци, покрај останатите дејности, се занимава и со прифаќање и одведување на фекална и атмосферска вода до колекторот, односно реципиентот и други дејности поврзани со фекалните и атмосферските води. Во градот се врши и одржување на канализациони линии во селата: Ваташа, Глишиќ, Марена, Сопот и Возарци.

За градот Кавадарци изготвен е главен проект за фекалната вода каде предвидено е собирање главен колектор и одведување во пречистителна станица. Голем дел од главниот колектор е изведен и останува за доградба.

Моментално фекалната вода се испушта во реципиентот р. Луда Мара

Со доградбата на главниот колектор и изградна на пречистителна станица треба да се заокружи фекалната мрежа во една целина која ќе биде одделена од другите системи за да ги задоволи сите потребни норми и критериуми за една урбана средина

Во поново време зафаќањето на атмосферската вода и одведување до реципиентот се разгледува озбилно и дел се реализира.

Изведен е многу мал дел од линиите предвидени по проектот.

Поради добрата топографија и постоење на реципиент во градот Кавадарци, зафаќањето на овие води и нивно одведување до реципиентот е предвидено гравитационо.

- **Управување со отпад**

ЈП Комуналец Кавадарци врши собирање , транспортирање и депонирање на отпад во градската депонија Мелци. Покрај износ на смет се врши и редовно празнење на 380 контејнери од 1,1м3 и 70 контејнери од 5м3 кои се поставени низ градот и индустриската зона во и околу градот. Со износот на смет се опслужуваат околу 9.500 домаќинства и 250 фирми како и сите други комерцијални објекти во градот. Во депонијата 'Мелци' континуирано се депонира околу 130м3 отпад дневно и редовно се затрупува со земја, а во минатата година е депонирано околу 50.000м3 цврст комунален отпад и околу 20.000м3 земја и градежен отпад.

Во тек се активности за изградба на регионална депонија за општините од Вардарскиот плански регион со што ќе биде решен проблемот со одлагањето на комуналниот смет и на Општина Кавадарци.

- **Пазари**

Работната единица Пазари е посебна организациона единица во склопот на ЈП Комуналец – Кавадарци, која е насочена кон давање услуги на корисниците на пазарот во градот, односно,

обезбедување соодветни услови за продавачите на земјоделски производи и на продавачите на друг вид роба кои според Законот имаат право да продаваат на просторот на зелениот пазар.

За спроведување на својата дејност градскиот пазар располага со продажен простор од 4.500 м2.

- **Енергетска инфраструктура**

Кавадарци располага со одлична електро-енергетска инфраструктура која може да обезбеди услови за непречен економски развој. Електропреносната мрежа е составена од далекаводи и трафостаници кои обезбедуваат стабилно електрично напојување.

- **Патна инфраструктура**

Иако Кавадарци припаѓа на вардарскиот регион, нема директно поврзување со автопатот Е75 (Скопје – Гевгелија) и со патниот правец Велес –Прилеп – Битола. Низ подрачјето на општината поминуваат магистрални, регионални и локални патни правци.

Најблизок град до Кавадарци е градот Неготино, оддалечен само 10 км, додека Кавадарци е оддалечен 90 км од Скопје, околу 51 км од Прилеп.

Директно до Кавадарци не стигнува крак од железничката линија. Сепак, постојат можности за искористување на железничкиот сообраќај на две блиски локации: во Општина Градско и во Општина Неготино.

Аеродромот Александар Велики е оддалечен од Општина Кавадарци 80 км.

**Локални патни правци**

Во општина Кавадарци состојбата со локалните патишта задоволува, најголем дел е асфалтиран, но со застарена коловозна површина и има потреба од нејзина реконструкција. Последните години изградени или пробиени се вкупно 84.4 км , од кои 25 км се асфалтирани, и тоа до сите поголеми населени места. Земјани локални патишта има до планинските населени места, каде што има многу мал број на жители, во должина од 31 км, а за пробивање остануваат 28 км, локални патишта до с. Галиште, Праведник и Добротино, каде што вкупно има околу 30 жители.

Во овој период изградена е обиколница Северен булевар која има посебно значење во одвивањето на сообраќајот во градот и заштитата на животната средина. Уличната мрежа во општина Кавадарци е со вкупно 231 улица, или околу 71 км, со вкупна површина од 355.000 м$^2$. Коловозната површина претежно е асфалтирана, а неасфалтирани се 48.000 м$^2$улици.

Тротоарите се со вкупна површина од 184.000 м2 поплочени или асфалтирани се 78.000 м$^2$, а необработени се 106.000 м$^2$. Плоштадот како посебна урбана целина зафаќа површина од околу 3.000 м$^2$, обработен со камени плочи.

**Регионални патишта**

Регионалната патни мрежа во општина Кавадарци се состои од следните патишта : Р - 106 Градско - Дреново - Прилеп, Р - 107 Лакавица - Неготино - Кавадарци - Дреново, Р - 108 Кавадарци - Мушов Гроб, Р - 106 Кавадарци - Росоман. Во фаза на доградба е регионалниот патен правец Р - 110 Витачево - Мушов Гроб - Крњево - Барово - Демир Капија.

Во перспектива останува да се реализира поврзувањето Кавадарци - Дисан - Демир Капија.

За општина Кавадарци како и општините од Повардарскиот Регион од посебно значење е отворањето на граничниот премин Пуљевац. За да се овозможи отворање на новиот граничен премин со нашиот јужен сосед, треба да се изгради Патниот правец Кавадарци - Мушов Гроб - Мајдан - Пуљевац, кој се надоврзува на регионалниот пат Мушов Гроб - Кавадарци. До сега се изградени 1,5 км, а останувaат за изградба уште 3,5 км.

Сообраќајните врски со своето пошироко опкружување општината ги остварува преку магистралниот патен правец Е - 75, Скопје - Велес - Гевгелија, со врска кај Неготино.

Сообраќајот во општината претежно се одвива со патнички возила чиј моментален број е 6.752 возила, товарни возила - 1.250, моторцикли - 72, трактори - 2.015,приклучни возила 323, и специјални возила 30.

Превозот на патници во општината се врши со автобуси и со такси возила.

Железничката линија во должина од 16 км, е изградена за потребите на комбинатот “Фени”, и перспективно треба да продолжи до Кавадарци, со што градот ќе биде поврзан и со железничка мрежа.

## 2. КОМПАРАТИВНИ ПРЕДНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА

- **Урбанизам и индустриски зони**

**Урбанизам**

Во Кавадарци е посветено внимание на урбанистичкото планирање и изработени се ГУП и ДУП, а последните години се направени напори за санирање на долгогодишната несоодветна состојба во делот на урбанистичкото планирање.

**Индустриски зони**

Во Кавадарци постојат 4 индустриски зони:

Индустриска зона „ФЕНИ” во целост урбанизирана;

Индустриска зона ТЕЛОТ 1 која е со изградена инфраструктура и со која стопанисува локална компанија – ИГМ Кавадарци;

Индустриска зона ТЕЛОТ 2 и 3 кои Општината ќе ги продава со почетна цена од 1 Евро за $м^2$

# 3.КУЛТУРА, СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА И ДРУГИ АСПЕКТИ ЗА КВАЛИТЕТ НА ЖИВОТОТ НА ГРАЃАНИТЕ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

- **Спорт и рекреација**

Спортскиот живот во Кавадарци се одвива на повеќе спортски терени, на отворено и во спортски сали.

- **Рекреативни содржини**

,,Тиквешко Езеро“, „Ваташко Езеро“,„ Моклишко езеро“

Река „Луда Мара“, „Јаворов Водопад“ – Кожув Планина

Во општината најмногу се посетени културните манифестации, етнолошки поставки и амбиенталните целини, потоа музејските поставки а најмалку рекреативните содржини околу езерата.

Најважни сместувачки капацитети се;

- Хотел „Фени“ - Кавадарци
- Хотел „Уни Палас“ 1 и 2 - Кавадарци
- Вила „Бела“ - Моклиште
- Детско одморалиште „Михајлово“ – Кожуф Планина

- **Културни манифестации *(културни, религиски, спортски, стопански, забавни)***

- Закројување на винова лоза - Св.„Трифун“
- Културно стопанска – туристичка манифестација „Тиквешки Гроздобер“
- Културно – забавна манифестација „Гроздоберче“
- Забавна манифестација – „Т’к так “ Рок Фестивал
- „Дедо цепе борина“ - Фестивал на вицовите и шегата
- „Фестивал на детски и младински хорови“ – Републички фестивал

Како регион познат по грозјето и виното секоја година во Кавадарци се одржуваат две познати манифестации, Св. Трифун и Тиквешки Гроздобер.

Почитувајќи го денот на виното и лозарите, секоја година на Св. Трифун се одржува истоимената манифестација каде најпрво свечено се закројуваат лозјата, а потоа винариите ги презентираат своите вина.

Манифестацијата Тиквешки Гроздобер го симболизира започнувањето на гроздоберот. Во рамките на повеќедневната манифестација се одржуваат повеќе свечености и настани, како и богата културно уметничка програма.

Тиквешката котлина со градот Кавадарци како нејзин центар претставува најпознат винарски крај во Македонија од каде потекнуваат и најпознатите Македонски Вина и алкохолни пијалаци. Постојат различни традиционални настани и фестивали врзани за лозарството и винарството во овој крај.

Има неколку цркви и манастири и една џамија. Културни и уметнички настани се: тиквешкиот гроздобер, уметничката колонија “Моклиште”, поетските вечери, и републичкиот фестивал на млади хорови. Денот на општината е 7-ми септември (ден на ослободувањето на општината).

Во Кавадарци има две телевизиски станици и една радио станица: РТК, КТВ 41, Радио Галаксија ФМ кои се во приватна сопственост, покрај државната телевизија и радио кои непречено се следат.

Локалитетот Дреновци е меѓу најпознатите историски места во Македонија.

Винарскиот фестивал “Тиквешки гроздобер”, кој се одржува секоја година и трае три дена, е национален фестивал кој расте и има тенденција да стане и меѓународен и претставува комерцијално културен настан што се одржува на 8-ми септември секоја година, во траење од три дена.

Општината ги има идентификувано културните вредности на Кавадарци. Сепак, недостасува интегрален документ за местата со посебна вредност; а недостасуваат и други работни документи.

- **Граѓанско општество**

Од донесување на Закон за здруженија и асоцијации од 1999 година до денес, во Основниот суд на општина Кавадарци се регистрирани вкупно 158 здруженија на граѓани.

- **Животна средина**

Како израз на урбано живеење и културен однос кон средината, животната средина станува се посилен “простор” за поставување на цели за повисок квалитет на живеење и делување.

Советот на Општина Кавадарци во 1999 год. го има усвоено Локалниот еколошки акциски план - ЛЕАП на Општина Кавадарци, со кој се одредуваат еколошките приоритети во Општината и се создава и имплементира план за решавање на тие поставени приоритети. Тековно е овозможено и дополнување на ЛЕАП-от по потреба. Оваа значи нов квалитет кој треба да ги измени состојбите

во вршењето на комуналните дејности,да го подобри квалитетот на комуналните услуги, во функција на обезбедување на подобри услови за живот и работа на граѓаните,правните и физичките лица во урбаната средина.

Прашањата поврзано со животната средина во Општина Кавадарци се делумно решени како водоснабдувањето но дел останува ат да бидат решени во наредниот период при што акцент треба ба се стави на:

– Во делот на отпадни води еколошките проблеми произлегуваат од таму што Градот Кавадарци има систем на отпадни води од мешовит тип, освен централното градско подрачје на градот каде што атмосферската вода и водата за миење на улиците е издвоена од останатите(домаќинствата, индустријата). Главен реципиент на отпадните води е реката Луда Мара. Бидејќи минува низ средината на градот,од двете страни е делумно изграден колектор во должина од 3 км. Сите отпадни води гравитираат кон овој колектор. (од двете страни на реката) и се вливаат во истата кај селото Марена. Колекторот е граден дел по дел(се уште не е завршен) и опфатени се 85% од отпадните води од градот;
– Во делот на јавно зеленило-хортикултура, Општина Кавадарци предвидува одржување на градското зеленило ,како и подигање на нови површини со шуми (пошумување по текот на пороjниците). Во рамките на програмата за екологија, изготвена е посебна програма за хортикултура, патерно уредување и борба против прашината;
– Аерозагадувањето е еколошки проблем кој во Општината е присутен и главно потекнува од индустриска зона ФЕНИ. Како активности кои треба да се спроведат за решавање на овој проблем е поставување на мониторинг систем за следење на квалитетот на воздухот;
– Општината не располага со депонија за опасни материи, но го разгледува ова прашање и потребата од нејзино осовременување и надградување.

## 4.СОСТОЈБА И КАПАЦИТЕТ ЗА РАЗВОЈ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И МСП

- **Национален контекст**

Моменталната состојба во поглед на потенцијалите за развој на секторот на МСП и претприемништво се карактеризира со низа мерки и активности за унапредување нас бизнис климата во Република Македонија. Оттука, и наодите во извештајот на Доинг Бусинесс за 2013 година укажуваат на поволната бизнис клима со што Република Македонија е меѓу десетте најдобри за започнување на нов бизнис и помеѓу триесетте најдобро рангирани бизнис клими1. Законската рамка која го регулира развојот на претприемништвото и секторот на МСП е

[1] Со вовдеувањето на електронските системи за е-регистрација (со кој се овозможува брзо и лесно регистрирање на фирми), е-даноци (електронско поднесување на годишните финансиски извештаи)

усогласена со европските стандарди и е во прилог на растот на бизнисите2. Постојните финансиски институции даваат поддршка на претприемништвото, но и дополнително се спроведуваат кампањи за промоција и подигнување на јавната свест за придобивките од развојот на претприемништвото.

Мерките и активностите кои се спроведуваат во областа на претприемништво и развојот на МСП се во надлежност на: Министерство за економија на Република Македонија, Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија, Комитетот за иновации, технологија и претприемништво, Фондот за иновации и технолошки развој и Националниот совет за претприемништво и конкурентност, а се составен дел на следниве национални политики:

- Национална стратегија за развој на МСП (2002 – 2013)
- Програма за конкурентност, иновации и претприемништво (2014)
- Стратегијата за иновации на Република Македонија (2012 – 2020)
- Индустриската политика на Република Македонија (2009 – 2020)
- Матрица на иновативната унија за Република Македонија (2010)
- Националната програма за развој на образованието во Република Македонија (2005 – 2015)
- Стратегија за регионален развој на Република Македонија (2009 – 2019)
- Стратегија за промоција на извозот
- Национална стратегија за вработување на Република Македонија

Анализата на политиките и состојбата во областите на претприемништвото и МСП во Република Македонија (кои како решенија, (мерки и активности во основа се креираат и донесуваат на национално ниво) укажува на можностите за подобрување на поддршката за развој на секторот од страна на самите општини кои на локално ниво можат да ги приоретизираат прашањата, а со тоа и да ги насочат расположливите ресурси кон реализација на мерките и активностите за развој на претприемништвото и МСП. При изработката на оваа стратегија, со анализата на постојната состојба со претприемништвото и МСП во Општина Кавадарци се зедоа предвид постојните предизвици и проблеми, но и потенцијалните чекори потребни за истите да се надминат, согласно позитивни компаративни искуства, а во служба на развојот на МСП во Општина Кавадарци.

## 4.1 СОСТОЈБА ВО ЛОКАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

[2]Законската рамка за Секторот МСП и претприемништво ги опфаќа:Законот за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија;Законот за трговски друштва;Законот за стечајна постапка;Законот за иновациска дејност;и Законот за локална самоуправа

Надлежности на општина Кавадарци за Локален економски развој

Листата на надлежности од областа на локалниот економски развој за кои што е надлежна општината се регулирани во член 22 точка 3 од Законот за локалната самоуправа[3]:

- планирање на локалниот економски развој;
- утврдување на развојните и на структурните приоритети;
- водење на локалната економска политика;
- поддршка на развојот на малите и на средните претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и, во тој контекст, учество во воспоставувањето и во развојот на локалната мрежа на институции и агенции; и
- промовирање на партнерства.

Истражувањето во областа на претприемништвото и развојот на МСП, спроведено за потребите на оваа Стратегија, преку креираните прашалници ги опфаќа ставовите на компаниите и граѓаните од Општината во поглед на условите и потенцијалите за развој.

Со оглед на тоа што постојат малку фокусирани истражувања и податоци кои се однесуваат конкретно на состојбите во општина Кавадарци, во оваа анализа се земени во предвид веќе постојните податоци и истражувања на национални ниво кои се дополнети со сознанијата добиени од истражувањето спроведено за потребите за подготовка на оваа Стратегија, а се однесуваат на состојбата за развој на претприемништво и МСП и во општина Кавадарци.

Според националната класификација на дејности - НКД која е усогласена со Европската класификација на дејности - НАЦЕ Рев.2 структурата на деловни субјекти по дејности во општина Кавадарци е прикажана на следниот графички приказ:




Според истата може да се забележи дека најголемиот дел од деловните субјекти отпаѓаат на, трговијата на големо и мало (37%), транспорт и складирање (15%), преработувачката индустрија (13%), објекти за сместување и сервисни дејности со храна (6%) и земјоделство, шумарство и водостопанство (6%).

#### 4.1.1 Наоди од теренското истражување – бизнис сектор

Наодите од истражувањето и анализата на состојбата се темелат на податоците добиени од доставените прашалници на (постојни и потенцијални) претприемачи, претставници (сопственици и управители) на мали и средни претпријатија и граѓани од општината, како и преку спроведените полу-структурираните интервјуа и работилници со претставници на јавниот и приватниот сектор, невладиниот сектор, научно-образовните институции, регионалната стопанска комора и граѓаните на Општина Кавадарци.

Од испитаниците (претставници на бизнис секторот), истражувањето ги даде следните резултати:

Најголем процент од испитаниците од бизнис секторот во Општина Кавадарци се сопственици или управители на компаниите (како релевантен извор на информации од врвниот менаџмент), чија дејност е во: винската индустрија (производство и пласман), информатичката технологија, тутунска индустрија, туризмот, лесната преработувачка индустрија (производство, трговија) и услужниот сектор.

Од аспект на производите и услугите, испитаните компании нудат: производи (вино, мебел, градежни материјали, тутун, хартија), услуги (ИТ услуги, софтверски продукти, геодетски елаборати, мерења, консалтинг, туристички услуги).

Од вработените во овие компании, над 70% работат со полно, додека пак 25% се ангажирани надворешни соработници. Најголем дел 42% се во возрасната група од 45-59 години, по 25% има во возрасните групи од 25-34 и од 35-44 години, а 8% од вработените во испитаните компании се од 19-24 години.

Во поглед на пласманот на понудените производи и услуги, компаниите пласираат 56% на национално ниво, 33% во рамки на општината и во околината, и 21% на надворешен пазар.

- **Потреби на бизнис заедницата во Општина Кавадарци**

Од расположливата работна сила, по прашање на задоволување на потребите и барањата на бизнис заедницата, 58,33% од испитаниците се сметаат дека работната сила која се нуди на пазарот одговара на нивните потреби и барања, додека пак 8,33% не се задоволни од понудата. 33,33% пак, се задоволни, но сметаат дека потребна е дополнителна обука и доквалификација.



Во поглед на потребните вештини и обуки кои би им помогнале на помогнале на бизнис заедницата за подобрување на квалитетот на работењето на нивниот персонал, испитаниците ги наведоа потребите од вештини во нови технологии за производство, англиски јазик, ИТ.

Од испитаните компании во Општина Кавадарци, 50% од компаниите членуваат во некое деловно здружение или стопанска комора, додека пак 50%не се членки во здруженија од таков тип.

- **Оценка на работата на општинската администрација**

Со функционирањето на одделението за ЛЕР и општинска администрација 80% од компаниите се задоволни. Од аспект на обезбедување на обуки и експертизи, 60% од бизнис заедницата смета дека истото е незадоволително. 54,6% од испитаниците не се задоволни со процедурите за бизнис и информациите за развој на бизнисот. По прашање на патната инфраструктура (локалните патишта во општината), 66,7% од бизнисите сметаат дека не е задоволителна. Телекомуникациската мрежа и покриеност (100%) и комуналните услуги - водовод, канализација, се многу добри и задоволувачки за над 90% од бизнисите. Реформите на политиките за локално оданочување и квалитетот на јавните услуги е задоволувачки за 90,0%, додека пак квалитетот на животот во Општина Кавадарци е задоволувачки за над 80% од испитаниците.



Во поглед на приоритети кои локалната администрација треба да ги има во периодот од следните 3-5 години со цел да го забрза локалниот економски развој, а воедно и да се подобрат условите за функционирање на МСП, испитаниците истакнаа дека проблемите со патната инфраструктура се најзначаен приоритет, по што следеа предлози за урбанизација и на локации за изградба на деловни и стамбени згради, подобра заштита на животната средина, подобрување и зголемување на соработка со фирмите.

#### 4.1.2. Наоди од теренско истражување – население

Од испитаните граѓани од Општина Кавадарци (52% мажи, 48% жени), 18% се на возраст од 20-30 години, а 42% се на возраст од 31-40 години, 40% се на возраст од 41-50 години. Во поглед на образованието, 5% се со средно, додека 75% се со високо образование, а 20% се со после-дипломски студии. Од испитаните 100% одговориле дека во Кавадарци живеат повеќе од 10 години.

- **Оценка на Општината и општинската администрација**

Од испитаниците 72% сметаат дека природната средина и окружување во општината е на задоволително ниво. 85% сметаат дека квалитетот на комунални услуги е задоволителен, 82,7% сметаат дека нивото на опременост и постоење на јавни установи (училишта, болници, градинки итн.) е исто така задоволувачки. 80% се задоволни со нивото на развој на локалната економија. Кога станува збор за релации за соработка со соседните општини (економски, културни итн.), 84% од граѓаните на Кавадарци сметаат дека се задоволувачки, а 81% сметаат дека начинот на кој се управува со општината е задоволително.



Според испитаниците 16% од граѓаните на Општина Кавадарци сметаат дека локалната самоуправа може повеќе да се вклучи во економскиот развој на Кавадарци, а 84% сметаат дека истата е доволно вклучена.




**Проблеми со кои се соочува општината**

Од аспект на проблемите со кои се соочува општината, 85% од граѓаните сметаат дека земјоделието е сериозен проблем, додека пак 82% индустријата ја посочуваат како сериозен проблем. Домувањето и образованието не се сериозни проблеми за граѓаните на Општина Кавадарци.  Што се однесува на комуналните услуги - водовод, канализација, собирање и депонирање на отпад, итн, 66% од граѓаните сметаат дека е сериозен проблем, а пак за 75% од нив и сообраќајот е значаен проблем. За над 85% од испитаниците, здравството и животната средина се сериозен проблем. Туризмот, културата и спортот се области кои за најголем број од испитаниците побаруваат континуирани и сериозни заложби за подобрување.




**Пропулзивни правци на развој на Општина Кавадарци – наоди од примарно истражување**

Според испититаниците како најважни и најзначајни области за економскиот развој се земјоделието, туризмот и транспортот, а како најзначајни области кои нудат најмногу можности за вработување се индустријата и јавниот сектор.






**4.2 ФУНКЦИИ И УСЛУГИ ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ ОД АСПЕКТ НА ЛЕР (ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ)**

Една од најважните цели за поттикнување на економскиот развој во општина Кавадарци, претставува капитализацијата на расположливите ресурси и поддршката за секторите и социјалните групи кои имаат тешкотии во пристапот кон основните економски и финансиски ресурси. Намената на оваа функција опфаќа голем број на цели и треба да има за задача да тежнее кон еднаква застапеност на услуги кои ќе ги обезбедува општината за приватниот и јавниот сектор.

Како најбитни специфични цели во делот на обезбедувањето на услуги за ЛЕР може да се издвојат следните:

- Поддршка за интеграција и координација на локалните институции и здруженија кои имаат взаемна визија за локалниот економски развој,
- Промоција на малите и средни претпријатија,
- Планирање, развој и воведување на услуги за јавни и приватни субјекти кои ќе го поддржат локалниот економски развој на општина Кавадарци.

За успешно спроведување на овој процес за ендогениот потенцијал на општина Кавадарци, најпрво потребна е усогласеност во дијалогот помеѓу локалните институции, приватниот сектор и граѓаните. Во рамките на оваа стратегија се развиени планови за економски развој кои ќе вклучуваат: претприемачки активности, развој на инфраструктурата и урбанистичкото планирање, пристап и менаџмент до финансиски средства, можности за истражување и развој, како и обезбедување на можности за обука за стекнување на потребните вештини на локалниот пазар на труд.

Во анализата на можностите за локален економски развој посебно внимание се обрна на потребите на социјално ранливите групи и на одредување на нивото и можностите за надминување на сиромаштијата кај одредени категории на ранливи групи во општина Кавадарци. За поттикнување на инклузијата на ранливите групи направени се економски планови на регионално ниво за зголемување на нивото на претприемачката култура со кои се очекува да се постигнат резултати на среден и подолг рок.

### 4.2.1 ФОРМИ НА ПОДРШКА НА ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Најсоодветни форми на поддршка за развој на претприемништвото и развојот на МСП во Општината се :

- Развој и уредување на индустриски зони
- Формирање на јавно-приватни партнерства.
- Обезбедување на едукативни работилници за можностите што ги нуди претприемништвото и самовработувањето
- Се препорачува општината да ги користи и формите на поддршка на приватниот сектор преку МИР (Мрежата за инклузивен развој) и НВО кои организираат обуки, работилници или други форми на промоција на претприемништвото, можностите за самовработување и користење на програмите кои ги нуди централната власт преку своите институции (АВРМ, Министерство за економија, Агенција за претприемништво и др.).
- Бизнис информативниот центар како алатка за континуирана поддршка

Поддршката на развојот на претприемништвото и МСП да се темели на 2 столба: цврсти и меки мерки.

Цврсти се инвестициите во индустриски зони и привлекување на инвеститори на својата територија.

Меките мерки се насочени на: соработка со МИР и НВО во организирање на работилници, средби со граѓани и други форми преку кои ќе врши запознавање со програмите кои се нудат или да им се овозможи обука за отпочнување на претприемачки потфат (бизнис план, сметководство, регулатива и сл.) .

### 4.2.2 ПЛАТФОРМИ ЗА ПОДДРШКА НА АКТИВНОСТИТЕ ЗА ЛЕР

Општината своите активности во делот за ЛЕР ќе ги темели на активности со кои се создава на амбиент поволен за инвестирање и развој на бизнис и амбиент поволен за живот на граѓаните.

Како заедничка платформа за развој на индустријата, туризмот и земјоделството е поддршка на развојот на **МСП кои можат да се формираат во секој од идентификуваните сегменти, така што со индивидуалните претприемачки иницијативи ќе се развијат проекти (производи и услуги) кои се одржливи за основачите и атрактивни за корисниците.**

Подобрувањата во обемот и квалитетот на услугите (во областа на инвестициите, заштитата и унапредувањето на животната средина, комуналната и социјална инфраструктура, како и негувањето, развојот и унапредувањето на културното наследство и други социјални активности) кои се во надлежност на **општината**, со соработка со **невладиниот сектор, претставуваат докажана форма на приближување на општинските активности до граѓаните.**

## 4.3 НАСОКИ И ПРЕПОРАКИ ЗА ЛЕР НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

1. Подобрување на комуналната инфраструктура, животна средина, канализација, технолошка вода, атмосферска канализација, реконструкција или изградба на нова мрежа;
2. Целосна урбанизација на просторот за живеење во Кавадарци и урбанизирање на индустриските зони;
3. Во делот на ЛЕР се препорачува:
   - Поддршка во понатамошен развој на развој на винскиот сектор;
   - Поддршка за креирање на услови за поголемо само-вработување и развој на претприемачки иницијативи;
   - Урбанизирање на индустриските зони со цел да станат подостапни и за други компании
   - Развој на нова индустриска зона за лесна и незагадувачка индустрија
   - Промовирање на прославата тиквешки гроздобер со разгледување на можноста фестивалот да прерасне во саемска манифестација;
   - Поддршка за секторот за мали и средни претпријатија (МСП) преку формирање на фонд за поддршка на МСП; овозможување на подобри услуги и целосна услуга на едно место;
4. Во делот на комуналната инфраструктура се препорачува:
   - Замена на стариот водоводен систем од азбесни цевки со нови;
   - Решавање на проблемот со големиот број на диви депонии
   - Изградба на станица за третирање на водата
   - Изградба на атмосферска канализација во целиот град
   - Проширување на зелените површини во градот.
5. Во делот на социјална инфраструктура се препорачува
   - Да се направат нови детски игралишта
   - Да се уредат идентификуваните рекреативни центри
   - Да се изгради современ јавен пазар

## 5.СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ

Кавадарци е општина во која постои високо ниво на определеност за интегративен развој. Во тој контекст, туризмот е сектор кој има динамичен развоен карактер. Имено, постои определба да се оптимално искористи атрактивно – ресурската основа и да се внесат компоненти кои ќе овозможат активирање на вкупните потенцијали со кои располага овој простор. Во овој контекст, важни влијателни елементи претставуваат организационата поставеност и домените на соработка кои се однесуваат на општинските структури, меѓуопштинската комуникација во рамките на Вардарскиот плански регион и окружувањето. Во овој поглед е многу важно да се изврши туристичка валоризација, да се определат носителите на развојот, да се утврди начинот на управување со потенцијалите и да се промовира општината како простор во кој постои отвореност кон туристичката побарувачка во различни нејзини сектори.

Општината Кавадарци поседува хетероген фонд на вредности што упатува на тоа дека е можно да се определат развојни насоки во повеќе области на туризмот како дејност. Стратешкиот пристап токму треба да ги втемели атрактивните компоненти и нивната просторна определеност во насока на можни туристички активности кои подразбираат утврдување на планови за реализација.

Определен дел од потенцијалите кои ги поседува оваа општина се ставени во функција, меѓутоа постои простор за унапредување на овој сектор и вклучување на нови содржини. На тој начин ќе се овозможи успешен настап на туристичкиот пазар, бидејќи се овозможува креирање на издржана туристичка понуда со посебни туристички производи.

Оттука, усвојувањето на Стратегијата за развој на туризмот во Кавадарци треба да претставува основа која ќе ги опфати мерките и носителите на туристичката политика во насока на унапредување на афирмираните туристички локалитети и објекти, откривање на нови содржини и нивно втемелување во функционалност при настапот на туристичкиот пазар.

Општината Кавадарци поседува потенцијали кои можат да се групираат како атрактивна основа, солидно ниво на комуникативност, потреба од унапредување на рецептивната сфера, интеракциско поврзување на чинителите на туристичката понуда, активен однос кон туристичката побарувачка и взаемен интерес во создавањето на туристички производи со вредности од комплексен карактер. Ова подразбира дека прифатливоста на производите на туристичкиот пазар ќе се втемелува врз основа на сегментацијата на корисниците на услугите како издвоени категории и комбинирани услуги во рамките на туристичките аранжмани. Ваквиот пристап упатува на тоа дека е многу важно да се има во предвид дека не е доволно само да се поседува атрактивноста на просторот, туку и дека треба правилно да се управува со процесите на начин тие да бидат достапни до туристичката клиентела. Врз основа на успешноста што ќе ја има управувањето со ресурсната основа и примената на заштитните мерки во животната средина и културното наследство ќе може да се пледира на подобрување на квалитетот на живеењето на населението од оваа средина и да се обезбеди процес на отвореност кон туристите. Многу е важно да се обезбеди инвестиционен циклус во областа на туризмот кој ќе се реализира преку процесот на урбанистички и архитектонски решенија, решавање на комуналните проблеми и

инфраструктурата како база за внесување на супра-структурални содржини и уредување на просторот.

Иако може да се констатира дека општината Кавадарци е пред се земјоделска и индустриска средина, развојот на туризмот не се наоѓа во дисонанција во просторот. Напротив, земјоделието како дејност може активно да се вклучи во туризмот, а деловните партнери од индустријата претставуваат можност за прифаќање на деловниот туризам како проткаеност меѓу индустријата и оваа дејност.

Посебно е битно да се констатира дека општината Кавадарци и целиот Тиквешки регион се препознатливи по лозарството што упатува на специфични развојни можности кои се однесуваат на вино и вински производи како фундаментална основа за развој на винскиот туризам. солидна основа за тоа се најзначајните винарии во Република Македонија кои се лоцирани во оваа општина и нивната вклученост во винските патишта. Општината располага со ресурси од рекреативен и културен карактер со вредности кои овозможуваат селективност во туристичката понуда. Тоа се однесува на хидрографските ресурси, геоморфологијата, климатските услови, долгата културна традиција и културното наследство.

Развојот на туризмот треба да се димензионира како фактор кој ги интегрира наведените потенцијали во стопански и економски придобивки, односно зголемување на бруто домашниот производ и нови вработувања во овој сектор во општината, но исто така тој е чинител на балансиран однос кон процесите на миграција и социо-културниот развој.

Општинската посветеност кон ваквиот развој претставува многу важна компонента за прифаќање на развојните стратешки пристапи на туризмот во општината. Тоа е многу важно затоа што општината ги прифаќа владините политики, има активен однос на овој план во рамките на Центарот за развој на Вардарскиот плански регион, отворена е за соработка кон другите општини и помага во создавањето услови за користење на средства од претпристапните фондови на Европската Унија, донатори и меѓународни организации за помош и соработка. Општината исто така има активен однос кон современите модели на јавно-приватно партнерство од областа на туризмот, моделот на концесионирање и други форми кои и стојат на располагање.

Прифатливоста на развојот на туризмот од страна на засегнатите страни на оваа општина покажува високо ниво. Ова се базира на ставот дека општинските структури успешно се справуваат со проблемите во оваа сфера и дека прават напори за управување на ресурсите кои ќе се стават во функцијана туризмот. Тоа пред се сѐ однесува на уредување на просторот во насока на негово хуманизирање, озеленување и комунално одржување. Исто така, општинските структури обезбедуваат инфраструктурни услови за вклучување на заинтересирани стопански субјекти за градба на објекти во функција на оваа дејност. Познавачите на прилики исто така сметаат дека е важно не само да се одржи ова ниво на прифатливост, туку да се пристапи кон понатамошно унапредување.

Во областа на туризмот засегнатите страни сметаат дека постои можност за внесување на претприемачки активности и ангажирање на стручна популација која би ги поттикнала развојните процеси. Засегнатите страни во туризмот сметаат дека туризмот во општината Кавадарци треба да ги следи процесите на развој на индустријата и во таа смисла сметаат дека подобрувањето на угостителските услуги како и нивното проширување ќе овозможи деловна функционалност. Врз таа основа ќе се диференцира деловниот туризам како посебен сегмент во општината. Носителите на администрацијата во туризмот гледаат можност за активирање на ресурсите и имаат активен однос во донесувањето на урбанистички и архитектонски решенија кои ќе ги реализираат оптималните услови за промоција на вредностите во туризмот. Посебно е важно дека во овие структури постои подготвеност да излезат во пресрет на иницијативи кои ќе овозможат збогатување на туристичката понуда на општината Кавадарци преку различни форми на туристички производи. Тие можат да се базираат на солидната ресурсна основа и на човечките ресурси со кои располага овој простор. Посебно е важно да се искористат лозарските услови како фундамент за развој на винскиот туризам. Администрацијата е активна во вклученоста на општината во винските патишта.

Теренските истражувања овозможија да се дојде до идентификација на конкретни вредности и проблеми сврзани со нивното активирање. Во таа смисла, проблемите со загадување на животната средина од страна на определени индустриски објекти упатува на потреба од перманентна грижа за ресурсите кои би се вклучиле во туристичката понуда. Заштитата на животната средина е приоритетна категорија посебно во доменот на постоењето на тешката индустрија, така што развојот на туризмот е компатибилен со преземените еколошки активности за санација на загадувањата. Во областа на можноста за рекреативните активности приоритет се даде во согледувањата на можностите кои ги има Тиквешкото Езеро и планинскиот простор на Кожуф. На овој начин можеше изворно да се согледа комуникативноста на просторот и проблемите кои се јавуваат од гледна точка на подобрување на патната мрежа.

## 5.1 ТУРИСТИЧКА ВАЛОРИЗАЦИЈА НА РЕСУРСИТЕ ВО ФУНКЦИЈА НА ТУРИЗМОТ

Истражувањата кои ги вршевме ни овозможија да ги утврдиме вредностите во општината што можат да се искористат за развој на диференцирани форми на туризам во кои посебно место ќе заземе винскиот туризам и деловните патувања поради се понагласениот интензитет на преработувачки индустриски капацитети.

**Табела бр.8 - Капацитети како атрактивна и рецептивна основа за развој на туризмот во Општина Кавадарци**

| Вид на туристичка вредност | Атрактивност и функционалност | Просторна определеност, на објект и локалитет | Состојба |
|---|---|---|---|
| **Просторно-географска положба** | Контактност | Патна комуникација која ги поврзува патниот правец М-1 со патот Градско-Прилеп | Постои инфраструктура која може да се употреби за инфо-точки<br>Нема урбанистички решенија<br>Транзитно-туристички активности: Одмор, трговија, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | угостителство, сервисни услуги<br>Слаба обележаност на атрактивностите вдолж контактната комуникација |
| **Природни** | 1.Пештери | Арамиска пештера-лева долинска страна на реката Каменица | Споменици на природата-предлог<br>Нема урбанистичка документација за уредување.<br>Можат да се користат за спелеолошки туризам и активности од едукативен и научен карактер |
| | | Галишка пештера- близина на Кавадарци | |
| | | Пештера Црквиче-близина на Кавадарци | Споменик на природата-предлог. Во неа се наоѓа пештерна црква.<br>Покрај можностите кои се однесуваат и на претходните две пештери има културно и верско значење |
| | 2.Минеролошка вредност | Рудник Алшар | Предлог за заштита како споменик на природата со научно-истражувачки карактеристики. Покрената иницијатива.<br>Научно истражувачки и едукативни активности |
| | 3.Излетишта | Ресава, Дабниште, Витачево | Немаат документација за уредување<br>Можност за излети, логорувања и пикници |
| | | Моклиште | |
| | | Кожуф – Конопиште | Планинарење и едукативни активности |
| | 4.Палеонтолошки вредности | Калница-фосили на пикерминска фауна | Споменик на природата<br>Нема документација за уредување и изградба<br>Едукативни и научни активности<br>Изградба на геолошко-музејски поставки |
| | 5.Ловиште | Рожден | Најголемо по површина во регионот<br>Ловен туризам |
| | 6.Езера | Тиквешко | Бреговите треба да се доуредуваат и опремуваат<br>Можности за развој на езерски туризам со капалишни активности, спортови на вода и подводни активности, риболов, излетнички туризам<br>Езерски туризам, пливање, спортски туризам, сончање, риболов, логорување, скијање на вода, нуркање, сурфање со летало |
| | | Моклишко | |
| | 7.Орнитолошки резерват Тиквеш | Југозападно од Кавадарци | Најзначаен резерват во РМ, прогласен за споменик на природата<br>Едукативни активности, Набљудување птици, екотуризам |
| | Мешник | Во клисурата на Црна Река меѓу р. Блашница и свиокот на Црна Река | Предложен за научно-истражувачки природен резерват – НИПР (предлог)<br>Научно-истражувачка едукативна активност, екотуризам |
| | Резерват на бел бор-Голем Козјак | Извориште на Бистричка река под Голем Козјак | Заштитен согласно законот како дендролошка вредност ОРЖВ<br>Научно-истражувачка, едукативна активност, екотуризам |
| | Резерват на црн бор | Менкова ливада | Заштитен согласно законот како дендролошка вредност. Научно-истражувачка, едукативна активност, екотуризам |
| | Дреничка Клисура | Клисура на реката Раец | Споменик на природата со научно-истражувачки објект рефугиум<br>Научно-истражувачка, едукативна активност, екотуризам, искачување на карпи |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Резерват на ела и бука и ела | Тумба-мариовски шуми, македонско-грчка граница | Заштитен согласно законот како дендролошка вредност.<br>Научно-истражувачка, едукативна активност, екотуризам |
| | 1. Атракции<br>1.1. Споменици<br>1.1.1. Религиозни градби - христијански | Св. Ѓорѓи - Полошки манастир; Св. Никола с. Моклиште; Св.Богородица с.Дреново; Маркова црква с.Драдња; Св. Богородица с.Дабниште, Св. Спас с.Праведник, Св. Атанасие с.Галиште | Значајна групација на цркви, манастирски комплекси и пештерни цркви околу Тиквешкото езеро<br>Просторно дисперзирани и тешко достапни |
| | 1.1.2. Историски куќи | Куќа на Страшо Пинџур с. Ваташа | Меморијална куќа посветена на народниот херој со две тематски поставки |
| | 1.1.3. Тврдини | Маркова кула<br>Моклишко кале с.Моклиште | Значителни остатоци од одбранбена кула од средновековниот период, внатрешноста е доста руинирана и потребна е темелна конзервација.<br>Со извонредна позиција во близината на селото Моклиште но со скромни остатоци на самото место |
| **Културни** | 1.1.4. Археолошки локалитети | Тиквеш град | Денес отсечен како остров во водите на езерото со скромни остатоци од архитектонски градби од антиката и средниот век |
| | 1.1.5. Градби од индустриско наследство | Винарска визба Тиквеш | Најголемиот капацитет за производство на вино во Македонија со можност за организирани посети и угостителски услуги со етнографски елементи |
| | 1.1.6. Меморијална архитектура | Спомен костурница | Споменик посветен на жртвите од овој крај од Втората светска војна со историски контекст но и со добра просторна позиција со видик кој овозможува панорама на Кавадарци и Тиквешијата |
| | 1.1.7. Амбиентални целини | с.Витачево | |
| | 1.2. Музеи<br>1.2.1. Историско - уметнички музеи | Градски музеј | Простор за повремени изложби и презентации |
| | 1.2.2. Етнографски музеи | Музеј Куќа на вкусовите и мирисот | Етнографски поставки посветени на гастрономијата и духовното наследство со спомен соба на Васил Хаџиманов |
| | 2. Настани и манифестации<br>2.1. Секуларни фестивали и настани | Тиквешки гроздобер; Св. Трифун | Главна манифестација во Македонија посветена на собирањето на грозјето |
| | 3. Етнографско наследство<br>3.1. Традиционално градежништво | с.Ресава; с. Дабниште, с.Моклиште | Издвоени куќи со традиционални карактеристики |
| **Угостителски капацитети** | Хотели 3<br>Мотели 1<br>Гостилници и ресторани 16<br>Кафе бар 9<br>Дискотеки 2 | Кавадарци | Запазени минимални технички услови. Поради развојот на индустријата потребно е проширување на капацитетите. Побарувачката е поголема од понудата<br>Деловен туризам, гастрономски туризам |

Од табеларниот преглед се гледа дека доминантни вредности од аспект на туризмот се сврзани со лозарството како основа за изградба на винарии од комбинатски тип и од типот на семејни форми. Покрај тоа, интересни се излетиштата кои ги опфаќаат Витачево, Тиквешкото Езеро,

Моклиште и Кожуф, како и најголемото по површина ловиште „Рожден” во овој регион. Општината Кавадарци поседува развиена орнитолошка структура и потенциран биодиверзитет со заштитени целини и објекти.

Можностите за развој на културниот туризам се евидентни поради присутноста на значајна групација на манастирски комплекси и пештерни цркви околу Тиквешкото Езеро со маркантниот Полошки манастир.

### 5.2 СОСТОЈБИ И КАПАЦИТЕТИ ВО УГОСТИТЕЛСТВОТО НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Угостителските капацитети се релативно скромни и недоволно ја следат динамиката за потребите за престој на деловните партнери кои доаѓаат во оваа општина. Имено, во општината се изградени единствено 3 хотели,  16 гостилници, 9 кафе-барови и 2 дискотеки.

## 6.МЕЃУОПШТИНСКАТА СОРАБОТКА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

Општина Кавадарци има искуство во воспоставување и спроведување на МОС. За вршење на своите надлежности но и за обезбедување на потребните стручни капацитети за околните рурални општини (пред се Росоман), МОС е воспоставена во областа на урбанистичкото планирање, заштита на животната средина и природата, ЛЕР, комунални дејности, внатрешната ревизија, и енергетската ефикасност.

За потребите на погоре наведените практики на МОС воспоставени се следните облици на МОС: заедничко работно тело и комисија, заедничко административно тело, заедничко јавно претпријатие како и договорната соработка – вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини.

За воспоставување на одредени практики на МОС, општината има добиено финансиска и стручна помош од релевантните чинители во оваа област а истовремено и сама има кофинансирано од општинскиот буџет. За зајакнување на своите капацитети за идентификување на потреба за воспоставување на МОС, воспоставување и спроведување на МОС проекти, општинската администрација има учествувано на разни настани за оваа намена организирани од страна на релевантни чинители во оваа област.

Одговорите од прашалникот добиени од општина Кавадарци наведуваат дека развивање на претприемништвото, развивање на туризмот и комуналните дејности/инфраструктура поефикасно и поекономично може да се вршат преку воспоставување на МОС.

За развивање на претприемништвото, како најсоодветен облик на МОС кој што може да се воспостави помеѓу општина Кавадарци и други околни општини или на ниво на ВПР со вклучување на сите девет општини се наведува договорната соработка преку здружување на финансиски, материјални и други средства додека за развој на туризмот како можни облици се наведуваат

заедничко работно тело и комисија или договорната соработка преку здружување на финансиски, материјални и други средства. Истовремено, како потенцијални соодветни облици на МОС во областа на комуналните дејности/инфраструктура се наведува заедничко работно тело и комисија, заедничко административно тело или договорната соработка преку здружување на финансиски, материјални и други средства.

Развивање на туризмот и комуналните дејности/инфраструктура, се области за кои се цени дека може да се воспостави МОС на ниво на ВПР со вклучување на сите општини. Истовремено, МОС се наведува како адекватна алатка во подрачјата со специфични развојни потреби.

Проект кој што општината планира да го реализира во иднина а кој што може да биде од меѓуопштински карактер е формирањето на Бизнис информативен и иновативен центар (БИЦ).

Имајќи го во предвид фактот дека изворните приходи на општината не се доволни за финансирање на проекти од областа на ЛЕР, при воспоставувањето на потенцијални нови облици на МОС општината има потреба за финансиско поттикнување и поддршка од страна на други чинители активни во оваа област.

Меѓуопштинската соработка како алтернативен начин за спроведување на надлежностите на ЕЛС во рамките на Вардарскиот плански регион се користи од самиот почеток на процесот на децентрализација во Република Македонија. Уште поинтензивно, МОС почнува да се воспоставува и спроведува по донесувањето на Законот за меѓуопштинска соработка4 во 2009 година.

Со финансиска и стручна помош обезбедена од страна на Министерството за локална самоуправа и меѓународните организации активни во Република Македонија (УНДП), на билатерално ниво со учество на две општини се воспоставија повеќе практики на МОС во областа на урбанистичкото планирање, даночното работење, заштита на животната средина и природата, внатрешната ревизија и др. Најчесто користени облици на МОС за заедничко спроведување на надлежностите се заеднички работни тела и комисии и договорните соработки при што се здружуваат финансиски, материјални и други средства или се испорачуваат услуги од страна на една општина за потребите на една или повеќе други општини. Мора да се наведе фактот дека во минатиот период општините од ВПР ги користеа така наречените полабави или помалку формализираните облици на МОС.

Согласно законските одредби, при воспоставувањето на МОС, активно учествувале советите и градоначалниците на општините кои воспоставиле соработка. Истовремено, освен во спроведувањето на МОС, општинската администрација директно учествувала во планирање и подготовка на потребните акти за воспоставување на МОС за што има посетувано и специјализирани обуки и работилници.

Во рамките на своите финансиски можности, одредени практики на МОС се кофинансирани од страна на општините вклучени во соработката и донаторите.

[4](“Службен весник на Р.М“, бр. 79/09)

Од спроведената анализа на терен, може да се заклучи дека сите општини кои се опфатени со овој проект имаат воспоставено најмалку една меѓуопштинска соработка за што имаат одвојувано и финансиски средства од своите буџети.

Врз основа на генерираните финансиски и нефинансиски придобивки од користењето на МОС, општините од ВПР за прв пат во Македонија воспоставија МОС во енергетска ефикасност и ЛЕР на ниво на плански регион. Заедничкото одделение за енергетска ефикасност на општините од Вардарскиот плански регион е лоцирано во општина Неготино[5] додека заедничкото работно тело – Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион е лоцирана во Велес.

Релевантно за оваа анализа/стратегија е постоењето на меѓуопштинската Мрежа за инклузивен развој на ВПР каде што освен претставниците на единиците на локална самоуправа членуваат и претставниците на невладиниот и приватниот сектор од ВПР како и на Центарот за развој на ВПР. Мрежата има вкупно 17 члена.

Мисијата на Мрежата е да се засили координацијата на програмирањето и спроведувањето на мерките и активностите за поддршка на јавниот, приватниот и невладиниот сектор во создавањето на услови за развој на силна и конкурентна економија на ВПР, економија која ќе понуди поголеми можности за вработување и истовремено ќе ги постигне социјалните и еколошките стандарди. Преку активностите на мрежата се очекува дека ќе се намали интензитетот и последиците од нагласената невработеност и миграциите како клучен социо-економски предизвик на регионот[6].

Во текот на 2013 година, Мрежата за инклузивен развој на ВПР донесе Програма за работа на Мрежата за периодот 2014-2016 година. Во рамки на своите три приоритетни мерки во областа на 26 колективни акции од кои голем број се однесуваат на развојот на претприемништвото и туризмот и како и подобрувањето на регионалната инфраструктура.

Податоците од терен покажуваат дека општините од ВПР имаат солидно искуство во воспоставување на и спроведување на МОС кое што е предуслов за понатамошно користење на оваа алатка во областа на ЛЕР и комуналните дејности особено за предложените проекти од страна на општините кои што ги надминуваат границите на една општина.

Специфично за областите ЛЕР и комуналните дејности може да се воспостават сите облици на МОС кои што и до сега се користени од страна на општините од ВПР при воспоставувањето на соработка во други надлежности на ЕЛС.

[5] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=71&Itemid=237&lang=mk
[6] http://vardarregion.gov.mk/nova/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=70&Itemid=260&lang=mk

## 6.2 ФОРМИ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА (МОС)

МОС е воспоставена со сите 8 општини во Вардарскиот плански регион преку Мрежата за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион

МОС е поинтензивно воспоставена со соседните општини: Росоман, Неготино и Велес

МОС е воспоставена во делот на ЛЕР, енергетска ефикасност, противпожарна заштита, урбанизам, комунални дејности - инспекциски надзор, интерна ревизија а може да прошири во делот на туризмот, култура и спорт и рекреација.

Постојните форми на соработка на општините во рамни на ВПР се:

– Заедничко административно тело
– Заедничко јавно претпријатие
– Вршење на определени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини

Соработката во иднина треба да се проширува и продлабочува со други форми со цел истата да зајакне и да биде одржлива и во проекти од заеднички интерес кои ќе вклучуваат и здружување на финансиски, материјални и други средства.

За јакнење на меѓу-општинската соработка Општината користела финансиска и стручна помош од страна на донатори и спроведувала обуки за локалната администрација со цел поефикасно спроведување на процесот на меѓуопштинска соработка (МОС).

Општината смета дека МОС може да се прошири во делот на:

– Развивање на претприемништвото
– Развивање на туризмот
– Комуналните дејности/инфраструктура

## 6.3 ПРЕПОРАКИ ЗА РАЗВОЈ НА МЕЃУОПШТИНСКА СОРАБОТКА

**Препораки за развој на меѓуопштинска соработка**

– **Воспоставената Мрежа за инклузивен развој на Вардарскиот плански регион (ВПР) да се искористи за анализа и предлагање на нови проекти за развој на претприемништвото, туризмот и комуналната инфраструктура;**
– **Предложените проекти за развој на претприемништвото, туризмот и комуналната инфраструктура се со меѓуопштински карактер, треба да добијат приоритет во реализацијата;**

- **За имплементација на заеднички проекти за развој на претприемништво се препорачува како форма -здружување на финансиски, материјални и други средства**
- **За имплементација на заеднички проекти за развој на туризмот се препорачува како форма - Заедничко работно тело и комисија и здружување на финансиски, материјални и други средства**
- **За имплементација на заеднички проекти за развој на комуналните дејности се препорачува како форма - Заедничко работно тело и комисија, заедничко административно тело и здружување на финансиски, материјални и други средства**
- **Со сите општини од ВПР може и треба да се воспостави МОС за развој на претприемништво и туризам.**
- **Развој на заеднички проекти за подобрување на енергетската ефикасност во регионот;**
- **Развој на заеднички проекти за креирање на интегрална туристичка понуда на ВПР;**
- **Развој на проект „ патот на виното”**
- **-Развој на туристички инфо центри во регионот и вмрежување на туристичката понуда на општините на регионално ниво и со другите региони во Македонија и пошироко,**
- **Развој на заеднички проекти за изградба на регионална депонија за отпад;**

# 7. SWOT анализа на развој на локалната економија, туризмот и претприемништвото на Општина Кавадарци

За потребите на идентификација на конкурентската предност на Општина Кавадарци од аспект на развој на МСП и претприемништво во процесот на истражување беа направени анкета на постојни и идни претприемачи од МСП од Општина Кавадарци, општинската администрација, претставници на институции/организации кои активно се вклучени во процесот на поддршка и развој на секторот претприемништво и МСП на локално ниво. Покрај анализата на постојната состојба со претприемништвото и малите и средни претпријатија во Општина Кавадарци, направена согласно расположливите и добиените статистички податоци економскиот развој и деловната клима на локално и национално ниво, сознанијата добиени од работилниците, интервјуата и пополнетите прашалници дополнително дадоа опис на елементите кои може да се земат предвид во процесот на подготовка и реализација на една амбициозна, но воедно и реално остварлива Стратегија.

## SWOT-анализа на развој на МСП, претприемништво и работна сила

### ПРЕДНОСТИ

- Квалитетна и квалификувана работна сила
- Поволна клима и расположливи природни ресурси
- Развиена мрежа на образовни институции
- База на земјоделство и преработувачка индустрија

**Туризам и животна средина**

- Клима
- Местоположба
- Природни ресурси
- Големи и мали винарии
- Планински села
- Традиција и култура

Езерски туризам

**Инфраструктура и урбанизам**

- Добра поставена поврзаност со индустриските зони

### НЕДОСТАТОЦИ

- Соодветна едукација

**Туризам и животна средина**

- Сместувачки капацитети
- Не информираност и не едуцираност
- Слаба промоција
- Недостига континуирано образование
- Недоволно дефинирана и лошо промовирана туристичка понуда

**Инфраструктура и урбанизам**

- Недоизградена атмосферска канализација и пречистување на отпадни води;
- Слаба сигнализација на влезните правци во градот
- Нема туристички патеки и велосипедски патеки

### МОЖНОСТИ

- Вработување поради отворање на големи индустриски капацитети
- Едукација, преквалификација и доквалификација на кадар
- Можности за самовработување на млади луѓе во земјоделие, трговија и услуги;

**Туризам и животна средина**

- Отворање туристички центри
- Поголема соработка помеѓу јавниот, приватниот, не владиниот сектор
- Создавање услови за отворање голем број мали и средни винарии и регионален економски центар

Организирање саеми и манифестации за промовирање на домашното традиционално и органско производство;

**Инфраструктура и урбанизам**

Изградба на железничка пруга со железничка станица во Кавадарци;

- Изградба на современ пат до ски центар Кожуф

### ЗАКАНИ

- Одлив на кадри
- Промена на климатски услови и нови болести;

**Туризам и животна средина**

- Загадување на животната средина
- Изумирање на стари занаети, традиции, култури
- Не доволна соработка со околните општини во областа на туризмот.

**Инфраструктура и урбанизам**

- Не доволна покриеност со сообраќајни знаци и патокази на влез и излез во градот
- Немање на детален урбанистички план

## SWOT-анализа на природните атрактивности

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Утврдени целини за уредување излетишта, ловиште и туристички локалитети<br>Застапеност на локалитети и објекти со извонредно природно наследство (палеотнолошки, геолошки, минеролошки, геоморфолошки, биодиверзитетски)<br>Постоење на богата хидролошка атрактивност (езера и реки)<br>Климатски и едавски услови за негување на винова лоза (широка застапеност на лозови насади)<br>Вклученост во мрежа на вински патишта | Недоволна афирмација на природните атрактивности<br>Отсуство на уредени платоа за презентација на атрактивностите<br>Недоволна обележаност на локалитетите<br>Загаденост од индустриски супстрати<br>Нереализирани предлози за заштитени просторни целини<br>Слаби промотивни активности<br>Слаба застапеност на комбинирани тури<br>Слаба активност на туристичките агенции во вклучувањето во атрактивностите во туристичката понуда<br>Недоволно искористување на ресурсите во руралниот и винскиот туризам<br>Недоволно уредени брегови<br>Слаба промоција на селективни видови туризам |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Користење на претпристапни фондови и фондови за развој на туризмот<br>Користење на искуства од просторни целини во Светот<br>Вклучување во меѓународна мрежа на заштитени простори<br>Организирање на меѓународни натпревари во риболов<br>Вклучување во меѓународна мрежа за ловен туризам | Слабо ниво на сознанија за природното богатство во општината кај туроператорите од странство за креирање тури со вакви содржини<br>Високи меѓународни стандарди за развој еко-туризам<br>Опасност од енормно користење на ресурсите (ловен, еко-туризам)<br>Климатски промени (намалување на родот во земјоделието, посебно во лозарството) |

## SWOT - анализа на културните атрактивности

| ПРЕДНОСТИ | НЕДОСТАТОЦИ |
|---|---|
| Значајно културно наследство од скоро сите периоди на човековата култура<br>Неколку археолошки локалитети со големо значење<br>Значајна групација на меморијална и споменичка | Лоша опременост на градбите и локалитетите за туристички посети<br>Слаба инфраструктурна поврзаност на некои од споменициите |

| | |
|---|---|
| архитектура поврзана со личности од национален карактер<br><br>Активни манифестации со добри потенцијали за туризам<br><br>Стопански капацитети со можности за вклучување на етнографски елементи и туристички посети<br><br>Постоење на „живо наследство” преку негување на традициите на занаетчиството и гастрономијата | Слаба искористеност на културното наследство за туристички посети<br><br>Слаба заинтересираност на стејкхолдерите за развој на културниот туризам<br><br>Слаба поврзаност на организацијата на манифестациите и туристичкиот бизнис |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Инвестиции во капитални објекти во културата<br><br>Промотивни програми со културниот туризам во Македонија<br><br>Користење на домашни и меѓународни фондови за развој на културниот туризам | Деградација на околината каде се лоцирани спомениците<br><br>Појави на нелегални ископувања и нелегална трговија со културно наследство<br><br>Недостаток на средства за конзервација и ревитализација на културното наследство |

## SWOT-анализа на рецептивни фактори

| **ПРЕДНОСТИ** | **НЕДОСТАТОЦИ** |
|---|---|
| Постоење на сместувачки капацитети и капацитети за храна и пијалаци<br><br>Запазени минималните материјални и технички услови<br><br>Постоење на винарии<br><br>Деловен туризам | Недоволен број на капацитети за сместување<br><br>Слаб интерес кај земјоделците за развој на агро-туризам<br><br>Отсуство на комбинирани тури поради слаба поврзаност на рецептивните капацитети со туристичките агенции<br><br>Слаба застапеност на ловечки куќи и услуги<br><br>Слаба промотивна дејност<br><br>Отсуство на капацитети погодни за развој на деловниот туризам (конференциски сали, сали за состаноци, конгреси и слично) |
| **МОЖНОСТИ** | **ЗАКАНИ** |
| Развој на странски инвестиции во лесната преработувачка индустрија со импакт врз сместувачките капацитети<br><br>Меѓународни тенденции за користење на услуги во винскиот туризам<br><br>Користење на искуства од областа на рецептивата во земјата и странство<br><br>Користење на меѓународни средства од претпристапните фондови кон Европска Унија (на пример ИПАРД) | Економски и политички проблеми во земјата и опкружувањето (одраз на деловниот туризам)<br><br>Приспособување на високите меѓународни стандарди во угостителството<br><br>Слаб интерес на странските и домашните инвеститори за вложување во рецептивата |

# 8. ВИЗИЈА, МИСИЈА И СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

## 8.1 ВИЗИЈА

Општина Кавадарци е современо организирана општина во која граѓаните живеат квалитетно, односно користат современи институции за задоволување на нивните здравствени, образовни, културни и социјални потреби, имаат модерна инфраструктура а Општината претставува препознатлив вински и туристички центар и чиста животна средина.

## 8.2 МИСИЈА

Општина Кавадарци преку осовременувањето на инфраструктурата продолжува да ја подобрува бизнис климата за развој на Општината. За постигнување на визијата потребни се мерки, активности и политики во насока на:

- Доизградба на фекалната и атмосферска канализација, одржување на изградената водоводна инфраструктура и санација на локалните патни правци;
- Урбанизација и инфраструктурно решавање на индустриските зони;
- Сензибилизација на локалното население за претприемништво и самовработување;
- Поддршка на земјоделските производители преку организирање на локални манифестации за презентирање на локалните земјоделски продукти и нивните преработки;
- Стимулирање на алтернативни форми на туризам за кои постојат реални предности во Општината како: вински туризам, езерски туризам, агро-туризам, зимски туризам и културен туризам.

## 8.3 СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Правците во кои ќе се движи локалниот економски развој на општината Кавадарци во наредниот петгодишен период ќе биде заснован на развој на локална економија ставајќи го во функција целокупниот економскиот потенцијал на општината.

**Генералните цели на локалната стратегија за економски развој во сегментот на претприемништвото и развој на МСП се:**

- **Подобрување на условите за развој на земјоделската дејност и преработки;**
- **Континуирано подобрување на условите за започнување на бизнис и привлекување на домашни и странски инвеститори на територија на Општината;**
- **Подобрување на комуналната и социјалната инфраструктура**

- **Промовирање на развој на селективни форми на туризам**

**Стратешки области на делување**

- Земјоделие, туризам и животна средина
- Поттикнување на претприемништвото и намалување на невработеноста
- Подобрување на постојната и изградба на нова инфраструктура

## 9. ПРЕДЛОГ ПРОЕКТИ

Во функција на остварување на **Стратешката цел 1. Подобрување на условите за развој на земјоделската дејност и преработки** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

1.1 Подготовка на план за класификација на земјиштето и растенијата

1.2 Стручна поддршка за подготовка на проектни апликации за расположливите европски фондови (ИПАРД)

1.3 Поттикнување на здружување помеѓу земјоделците (задруги)

1.4 Формирање на кластер за грозје и преработки од грозје

1.5 Изработка на мапа на вински патришта за општина Кавадарци;

1.6 Имплементирање на Програмата за развој на селата.

Во функција на остварување на **Стратешката цел 2. Континуирано подобрување на условите за започнување на бизнис и привлекување на домашни и странски инвеститори на територија на Општина Кавадарци** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

2.1 Сензибилизација на целни групи – невработени граѓани и нивно запознавање со можностите за самовработување и започнување на сопствен бизнис како и презентирање на расположливи мерки кои стојат на располагање од страна на Владата Република Македонија имплементирани преку Агенцијата за вработување на РМ (АВРМ), Агенцијата за претприемништво, Министерство за економија и други програми и институции;

2.2 Ажурирање на база на податоци за расположливата работна сила која ќе биде во функција на потребите на бизнис секторот

2.3 Едукација на локалната администрација за поддршка на претприемништвото и МСП;

2.4 Урбанизирање на индустриските зони ТЕЛОТ 2 со површина од 13,6 ха која се наоѓа на регионалниот пат Кавадарци-Росоман и ТЕЛОТ 3 со површина од 9,0 ха која се наоѓа источно од регионалниот пат Кавадарци-Росоман;

2.5 Формирање на бизнис информативен и иновативен центар БИЦ

2.6 Изработка на Водич за инвеститори или бизнис информатор;

2.7 Стимулирање на производство на брикети од лозови прачки.

Во функција на остварување на **Стратешката цел 3. Подобрување на комуналната и социјалната инфраструктура** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

3.1 Изградба на атмосферска и фекална канализација во оние делови на градот кои одведувањето на овие отпадни води го вршат преку единствен канализациски систем;

3.2 Реконструкција на локални патишта;

3.3 Реконструкција на Северен Булевар – прва лента;

3.4 Проект за изградба на втора лента од Северен Булевар;

3.5 Изградба на современ јавен пазар со можност за финансирање преку ЈПП;

3.6 Изградба на детска градинка и старачки дом

3.7 Изградба на нова Противпожарна станица

Во функција на остварување на **Стратешката цел 4 . Промовирање на развој на селективни форми на туризам** предвидено е да се реализираат следниве проекти:

4.1 Партерно уредување на кејот околу Тиквешко езеро;

4.2 Формирање на туристички инфо центар и негово вмрежување со туристичката понуда на останатите општини од Вардарски плански регион кои се наоѓаат на т.н. „Вински пат“;

4.3 Обележување на природен резерват за птици;

4.4 Промоција на Михајлово, кое се наоѓа на 42 км од Кавадарци во подножјето на Кожуф како туристичка и рекреативна дестинација до која е изграден пристапен пат како и нејзино урбанистичко осмислување со поставување на комунална и урбана опрема (клупи, натстрешници, корпи за отпадоци, сигналитика и др.)

4.5 Развој на туристички развојни зони

Детален опис на проектите, временската рамка за нивна реализација, носителите на активностите, очекуваните резултати и други поединости се дадено во Акцискиот план што е составен дел од овој документ.

# 10. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА, КОНТРОЛА, КОРЕКТИВНИ МЕРКИ И РЕВИЗИЈА НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата за локален економски развој на општина Кавадарци е со траење во период од 5 години (2015-2020 година). За нејзиното имплементирање ќе се грижи општина Кавадарци, односно Секторот за локален економски развој, заедно со другите сектори во општината, а за дел од проектите кои се предвидени како меѓуопштинска соработка реализацијата ќе биде заеднички подржана од страна на општините кои учествуваат во нивна реализација како и со поддршка на Вардарскиот плански регион.

Стратегијата е резултат на спроведената анализа на примарните и секундарните податоци, резултатите од спроведени анкети и непосредни интервјуа со работните групи составени од претставници на јавниот, приватниот и невладиниот сектор и во неа се вградени нивните перцепции за актуелната состојба во општината, нивните потреби и очекувања за поддршка и правците на локален економски развој, како и подготвеноста на општина Кавадарци да излезе во пресрет на нивните барања.

За успешна имплементација на оваа Стратегијата за локален економски развој на општина Кавадарци особено е важно да се обезбедат потребните ресурси – човечки, финансиски и материјални, предвидени во Акцискиот план. За таа цел, потребно е општината да ги планира средствата потребни за реализација на проектите од Акцискиот план во своите годишни буџети, со кои ќе се обезбедат потребните средства наменети за реализација на проектите.

Покрај материјалните и финансиски средства, неопходно е да се работи и на понатамошно зајакнување на капацитетот на општинската администрација за прашања од областа на претприемништво, релевантна регулатива, проектен менаџмент, апликација и водење на проекти согласно пропозициите кои се бараат за користење на претпристапните фондови на ЕУ.

Општина Кавадарци, имајќи предвид дека голем број од проектите во Акцискиот план имаат повеќе извори на финансирање (заради неможноста на општината самостојно да ги обезбеди сите потребни средства за реализација на целокупната Стратегија), потребно е проактивно, плански и во соработка на сите чинители на локалниот економски развој во општина Кавадарци, а под координација на Секторот за локален економски развој и Секторот за финансии, да работи на изнаоѓање финансиски средства освен од локалниот буџет и од други извори (домашни и меѓународни организации, развојни агенции, европски и други фондови, или преку задолжување за проектите кои претставуваат приоритет за развој на општината како што се инфраструктурните и проекти и проекти од областа на животната средина).

Ревизија на Стратегијата ќе се прави од страна на Секторот за локален економски развој еднаш годишно за времетраењето на Стратегијата и на крајот од периодот за кој истата е изработена.

## 11. АКЦИСКИ ПЛАН